


# Моите забелешки во интернетот

## 2007 – 2012



мај 2007



## Координативно тело за иселеништво

... и уште една организација или агенција или како да ја крстиме, што «сака» да ни помогни на нас, Македонците, кои живееме и работиме во странство.

Ама јас мислам дека тоа е уште еден чекор за што подобар хаос во организирањето на Македонците од целиот свет.
Зависно од дневното расположение на извесни функционери во Министерството за надворешни работи, се формираат преорганизираат, формираат, прекрстуваат и уште што ли не, органи, тела, агенции и т.н.
И бидејќи тоа се работи веќе повеќе од 15 години, моментално располагаме со: Министерство за надворешни работи (кео несака директно да има работа со нас), Матица на иселениците, Агенција за иселеништво и сега најново - Координативно тело за иселеништво.
И сите они сакаат да ја прават чорбата што се вика Македонска дијаспора, ама сите го прават тоа со млака вода.
И така попарени, ние Македонците во дијаспората, сакале или не мораме да се делиме и да делиме - нешто.
Зависно од времето во кое се создадени или организирани поединечни друштва, клубови или асоцијации во странските држави, одма се наклонуваат кон организациите во Македонија кои се најактивни во тоа време, било да е тоа Матицата или агенцијата или сега најново координативното тело....

Затоа се прашувам: Кога еднаш за секогаш ќе сфатиме дека има (барем тоа што е од неа останато) една Македонија, кога еднаш за секогаш ќе научиме да сите на ист начин ја сакаме таа Македонија, ...

јуни 2007

«И Господ не не сака...»

... безброј пати го слушнав од измачените земјоделци последниве денови кога покушаваа да ја добијат битката против сушата која владее низ Македонија. Гледано од нивна страна така е, заборавени од Македонската влада (која е зафатена да измисли како да стигне државата во НАТО и ЕУ), «утепани» од трговците не земјоделски производи, па оваа лето и одозгора ништо не паѓа - па макар и дожд да е.

Пред некоја година имав прилика да престојувам во Македонија во почетокот на месец мај. Еден куп празници - беше недела, беше Велигден, беше Ѓрѓевден, се заедно. Но некои земјоделци а и скоро сите продавници од приватниот сектор - работеа.

Живеев во Македонија, учев во Македонија, а учев и географија за Македонија. Тогаш учевме дека во Кочани расте најубавиот ориз во Европа, дека на ресенското јаболко му нема рамно, дека во Прилеп се произведува најквалитетниот тутун, а кавадарчани не знаат ништо друго да одгледуваат освен грозје, исто како и струмичани со градинарските производи.

Македонија се осамостали...
Владата на РМ залета накај НАТО и ЕУ.
Земјоделците почнаа низ секаде низ Македонија да садат и одгледуваат се и сешто. Така да ако разбериме дека оваа година комшијата од 2 декари бостан заработил убави пари од година цело село се одкажува од се и посадува бостан кој подоцна заради хипер продукција ќе му го поклонат на препродавачите.

Затоа се прашувам, зошто кога така оставени од државата, неспособни да си направиме среднорочен план, не се молиме на Господа не само кога ќе ни текне дека од сите сме оставени туку како што личе на вистински верник - еднаш во неделата и тоа во црква, па недела не да биде недела туку и ден кога ќе се помолиме на Господ и најдиме мир да трензвено размислиме.

МОЖЕ ТОГАШ ГОСПОД И ЌЕ НИ ПОМОГНЕ

Исто така мислам дека не сме заборавени од Господ, туку тој, Господ, уште е големодушен гледајќи не како ја уништуваме земјата, ни дозволува да ја газиме оваа земја.

јули 2007

«Нов сјај на Стар Дојран»

После скоро 20 години имав прилика лично да го посетам Дојран.

И бев позитивно изненаден. И покрај годините поминати во сон, ме изненади во која добра состојба е инфраструктурата и со кој елан се работи за тотално средување на местото.

И покрај тоа што кај автобуската станица немаше ниту еден автобус (за разлика од убавите години кога на тоа место ни пешки неможевме да се разминеме) околината делуваше а и стварно беше чиста и средена.

И сега ако се најдат туристички работници кои ќе му дадат нов имиџ, место за одмор и релаксација, сигурно за некоја година повторно ќе мора да спиеме по шаторите во камповите бидејќе собите ќе бидат секогаш распродадени.

Останува само да од срце им посакам успех на сите што работат за да на Дојран наново му се врати стариот сјај.

Довидување до следната прилика, а тоа ќе биде при секоја моја посета на Македонија.

---

«БРАВО»

Едноставно браво!

И во Македонија има убави работи и се работе за убаво.
Додека скоро низ сегаде во Македонија гореше и имаше шумски и разни други пожари, во Охрид се направи повик на доброволци за спроведување акција за чистење на терените околу културно-историјските споменици, како превенција од пожари.

И за пофалба се сите кои се одзваа на овој повик, а тоа биле стотици доброволци во кои имало и туристи кои во Охрид го минувале летниот одмор.

Затоа БРАВО до сите. (има уште човеци во Македонија)

јули 2007

«Кај што има дим има и ...»

Оваа народна поговорка «Кај што има дим има и огин» би сакал да важи и за димот над «ФЕНИ индустриј».
Ама, еден летен ден возејќи од Демир Капија накај Неготино, уште од кај ТЕЦ Неготино видовме еден темен облак кој ја покриваше целата Тиквешија. Во прв момен не реализиравме дека тоа е неприродна работа. Но наскоро ни стана јасно - тоа е трага од ФЕНИ.
Сега се подсетив и на вестите кои ги гледав на .... и на пишувањата кои беа низ разни весници од Македонија, во кои власниците на ФЕНЕ обеќаа дека за 90 денови ќе монтираат нови филтри. Да, тоа беше во летото 2006-та.

Во наредните денови пробав да разговарам со повеќе пријатели, роднини и познаници низ Кавадарци за оваа тема, ама НИКОЈ МАКА НЕМА. Како да се «озрачени» од прашината и смогот кој го покрива Кавадарци па и цела централна Македонија. Луѓето се помирени дека тоа така мора да биде, бидејќи «ЗНАЕШ КОЛКУ ФАМИЛИИ ЖИВЕАТ ОД ФЕНИ»

Така размислен направив мала математика: еве да замислам дека во ФЕ-НИ работат 500-600 рабоници 300-400 кои имаат работа заради ФЕНИ, тоа прави одприлика 1000. Да речиме х4 прави околу 4000 луѓе да живеат од ФЕНИ - не се малку. А! да не заборавиме дека оние што ги «контролираат филтрите» И МНОГУ убаво живеат.

Во Кавадарци и Тиквешијата масовно се отвараат приватни винарски визби луѓето кои со децении во своите фамилии се занимавале со одгледување на виновата лоза, својата иднина ја гледаат и во производството на вино, како круна на својот труд и своето знаење. И бидејќи светот е веќе постанат «Глобално село» некои се трудат да на светот го представат ова поднебје на кое виновата лоза се одгледува од кога и постои, така и како еколошки чиста човекова средина.

Од една страна одгледување на виновата лоза и продукција на вино, од друга страна ФЕНИ кое немилосрдно (и не до првиот дожд) го загадува ова парче земја. Дали некој кој ќе ги виде овие фотографии ќе сака некогаш да се напие вино со етикета «од Тиквешкиот регион» - јас сигурно не.

Дали еден ден ќе се свести поголемиот дел на оние кои не живеат од ФЕНИ (а тоа се преку 30'000)и предземат нешто пред да се самоуништиме???????

ЗОШТО ТОА ПАРЧЕ ЗЕМЈА ГО НЕМАМЕ НАСЛЕДЕНО ОД НАШИТЕ ПРЕДЦИ, ТУКУ ГО ИМАМЕ ПОЗАЈМЕНО ОД НАШИТЕ ПОТОМЦИ

треба да го оставиме како што сме го добиле

септември 2007

# НАГРАДА

Седми септември, Кавадарци прославува,
и како секоја година се делат пофалби и награди на заслужни граѓани и организации.
Но како и во многу други работи во Македонија, така и во нашето сакано Кавадарци,
највисоката награда на градот беше доделена незнам по кој критериум,
на индустријскиот гигант - ФЕНИ кој НАЈМНОГУ допринесува за загадување на Кавадаречката животна и земјоделска средина.

На ова место сигурен сум дека многумина ќе посочат на фактот дека скоро цело Кавадарци и Кавадарчко стопанство живее од ФЕНИ.
А јас се прашувам: До кога и што ќе остане на ова место после ФЕНИ ???



08.12.2007 Централна Швајцарија.

После поголема пауза повторно се организира забава по повод ???
Како главна личност на забавата најголемата (жива) ѕвезда на Македонската музичка сцена -
Гоце Арнаутов.
Немав намера да повторно присуствувам на било каква забава од овој вид, но за да има мир во куќата прифатив да жртвувам малку од моето слободно време.
Отидоме малку порано и испадна убава идеја, барем место за седење најдоме.
И од тука натаму што да кажувам, истата стара шема. Гласна музика (во вид на галама), ладно вино (црвено), недопечен помфрит и ...
И потоа тој, големиот Гоце, со вистински патриотски песни ја дигна публиката.
Тука почнав да ја тумачам смислата на «... кој душман ќе влезе жив нема да излезе ...» И замислите, има луѓе што уште веруваат во ова. А од друга страна и стварно е така, до сега ниту еден душман жив не излегол - а и како да излезат кога имаат работа како министри и писари !!!
Така вечерта поминува, Гоце си пее, музиката покушава да го прати, а во општата галама не се ни слушаше плачот на најмладите. Едно е сигурно од тие деца небидува музиканти. А тоа го тврдам затоа што, ако не им се оштети слухот од галамата што ја продуцираа музикантите, сигурно ќе го изгубат осетот за мелодија - условено пак од истите тие самонаречени музиканти.
А Гоце се надмина самиот себе, изгледа подвижуван од мотивацијата во вид на швајцарски франкови, бидејќи кога пред некоја година пееше (или подобро да кажам пиеше) на прославата која ја организираше МД Св. Кирил и Методиј од Баар, за цела вечер не испеа толку песни како овој пат за еден саат.
И така после неколку чаши вино и некоја порција од скарата, со свирење во ушите и вкус на кромид во устата ја напуштивме игранката која на крајот само бучеше.
Утредента кога се разбудивме, само мирисот на кромидот во устите останало - и една убава тишина.

Република Косово ???

Поточно треба да се крстат Првата Република на Обединетите Нации Косово. Зарем умреа тие креатори на имиња за држави? Каде е оној што ја крсти Македонија Поранешна Југословенска Република Македонија? Дека на овој Свет се мери со повеќе аршини е одамна познато, ама дека сега почнува да се мери и со прашок и со она што не смрде може само до некоја катастрофа или нешто слично да не́ доведе.
А најголемото Здружение на Светот Обединетите Нации со своите одлуки во последно време падна на ниво на една Земјоделска задруга. Од една страна изигрuваат Светци, а од друга страна прават работи и донесуваат одлуки, ма ни на пазар такво нешто нема.
А од друга страна човек треба и нив да ги разбере, не им е лесно да идеалите на неврзаноста ги спојат со фактот дека се платеници на САД. "Историјата ќе покаже зошто го признавме Косово" или така нешто беше изјавата на Буш. Историјата ќе покаже дека најголемата грешка во историјата е Буш. Ама за тоа ќе платат многу невини луѓе кои немаат никакви допирни точки со Буш.
Дека Светот полудел оддамна ме убедуваше бабами (Господ да си ја прости). Ама дека поголемиот дел од политичарите се и дрогирани полека излева на видело.
Иначе како би го оправдале „признавањето" на Косово како независно?
Негде по правните книги и закони пишува: Државата се одликува со:
1 - Народ - нели албанскиот народ има држава,
2 - Дефинирани граници ??? Со србија не им се признати а со Македонија до прва треба да се договараат...
3 - Суверенеа независна држвна власт - Зарем не е Косово протекторат на ОН, немаше ли една резолуција 1244?
Шмркни два пати и заборави се́, дај само да има доволно.
Но Балканот и така е Чудесен реон - Еден народ две држави, или држава што граничe сама со себе!
Тоа што Косово постанува Република многу и не ме потрефува, повеќе ме нервира што ниту еден политичар од Македонија не успеа да направи нешто слично за Поранешната Југословенска Република Македонија. Заслепени од залетот да се стигне во НАТО и во ЕУ заборавааат дека немаме ниту салам име. За Знаме и Грб на државата да и не зборувам. Стоте чекори до успехот ни станаа колем залак, зошто не се направат 3 чекори ама во прав правец?

26.11.2008

Зимото дојде, дојде и во Швајцарија. Сите "изненадени" од зимото, како да првпат снег врне и ладно е на крајот од ноември. А до душа и така е, последните неколку години беше така - не скроз зимо во зимото. И еве сега зимото почна како доликува на зимо па на сите не ни одговара. И стварно не е убаво, ладно, снег и човек мора да се уклучи на зимски погон. а немаме време да полека се прилагодиме. Ама и ако така изненадени, полека се прилагодуваме, во кујната ги ставиме "зарзеватите" за топла ракија и за топло винце при рака, па одвреме-навреме се "зацврснуваме".
Моментално си седам на "работното место" и се топлам - со кафе, со колегата изгласаме да дури после паузата во 9 саатот почниме нешто да работиме. Седам така во "просторијата за престој" пијам кафе и гледам преку прозорот штом се случува надвор. Десно гледам се спрема сонцето да огрее, а кога ќе погледнам право накај Цуг напред гледам како се "бушаве" магла - ќе видиме што ќе победе. На влезот од сепарацијата застануваат "најбрзите", од кога после неколку километри осетиле дека не оди така работата и ги гребат стаклата на колите од мразот. Незнам која поговорка е поточна во овие случаи: "брза кучка слепи кучиња раѓа" или "сé што брзо настанува - кратко трае". Оваа втората ја научив тука во Швајцарија и мислам дека е нивна. А швајцарците се стварно такви (поголемиот дел) некако мислиш никаде не се брзаат, секоја работа трипати ја одмислуваат па потоа работат. Едноставно чиста спротивност од нас, ние ако треба трипати ќе одсечиме нешто и секој пат ќе биде кусо.
Се ближе 29ти ноемри, значаен ден за мене. Не заради тоа што бев "Титов пионер" туку затоа што на тој ден ја славиме годишнината од бракот. Убав датум, "навикнати" да се слави тешко да го заборавам. А има и други што ја имаат таа навика, на пример оние што на тој ден ја клале свињата. Па ете и овој 29ти ќе биде одбележан на разни места и по разни поводи.



48/2008

кикиритки и мандаринки

Ете дојде пак времето на кикиритки и мандаринки. После свечената вечера додека ги кршев кикиритките и ги "ослободував" семките за да ги јадам, повторно ми дојдоја сеќавањата на детските денови кога само пред Нова година во некое ќесенце од "Дедо Мраз" имаше кикиритки и по една мандаринка - тоа беше НОВА ГОДИНА. Не дека се жалам, стварно барем кај нас не беше проблем да купиме уште некоја кикиритка и мандаринка, ама овие работи ми останаа како симбол за Новата година. И секогаш со носталгија се сеќавам на тие денови. Денешните Македонски ПАТРИОТИ секако дека ќе ми се налутат што ете со радост се сеќавам на деновите во Југославија (ама шо да правам? моето детство помина во Југославија и комунизмот). Ама тие денови не беа денови на Југославија, тие денови беа мои детски денови. А што има подобро од детските денови, денови без грижи и без многу обврски? После многу години сватив зошто додека моите родители ја градеа куќата со месеци сме јаделе леб, сирење, маргарин (од ниа, кристал, шо кога ќе го извадеше од фриждерот можеше како ладно оружје да се користи), некој патлиџан од бавчата од предкуќа и конопишки гра во сите верзии. Ама и тие денови за мене беа убави денови.
Така седејќи и гледајќи ги луѓето околу мене повторно ми дојдоја мислите за Југославија. Седевме со човеци од Војводина, од Србија, од Босна, имаше дури и од Бугарија. Седевме во атмосвера исполнета со пријателство и мир. Седев со човеци со кои делам само една заедничка работа - љубовта кон фотографијата. Седам со човеци со кои пред некој месец овде во Цирих ги изложивме нашите видувања на Швајцарија преку фотографијата. По сјајот во очите на овие човеци гледам дека сите сме пријателски расположени и сите чуствуваме спокој.
А ете тука сосема случајно најдов човеци со кои можам да поминам стварно моменти на релаксација. Сето ова почна лани летото кога незнам како од ОЖМ-Ш добив Е-Маил со конкурс за фотографи. Пред тоа бев неколку години зафатен во разни Македонски организации и веќе бев уморен од разни покушаи да ја управиме работата. Работејќи, помагајќи по Македонските друштва и слично осетив дека човек што повеќе ќе му угоде на некој толку повеќе незадовлни се појавуваат. И така во летото 2007мо ослободен од сите тие "обврски" го најдов фотоапаратот, го избришав од прашината, му купив нова батерија и најнов филм и се повратив на моето хоби кое го запоставив неколку години мислејќи дека моето слободно време е подобро искористено ако работам "за Македонцките работи". Тука "како кец на десетка" дојде Е-Мајлот од ОЖМ-Ш. Бидејќи уште несум имал фотографирано пресни фотографии одбрав неколку (од "богатата ризница на МКТВ", не бе!) од мојот сопствен архив и во "5 до 12" ги испратив. За мое изненадување брзо ми одговорија и место бараните 4 фотографии побараа да доставам уште "едно 20-30". И тоа се случи. Следуваа средби со човеците од Јужнословенскиот културенфорум и следуваа пријателства. Се случи и изложба, дел од моите фотографии заедно со фотографии од други автори беа изложени во Цирих. Оваа година беше втората изложба на која учествував, запознав уште неколку човеци од фотоаматери до мајстори на фотографијата. И кај сите овие човеци наидов на

соговорници со кои после секој разговор се чуствував посреќен. (за разлика од состаноците на МК организациите кога одпосле ќе си дојдеш дома и се прашуваш зошто...)
и ако така различни т.е. од разни држави седиме на заедничката вечера и поминуваме убави моменти. Зборуваме за фотографијата, зборуваме за слободното време ....
и јадиме кикиритки и мандаринки



49/2008

Се шо е ногу, не е убаво...

... тоа сите го имаме слушнато - неколку пати. И колку повеќе се сретнувам со оваа поговорка или да речам мудрост, се повеќе ми станува јасно дека има голема вистина во тоа.
До пред некоја година вести и информации од Македонија добивавме само преку телефон од нашите блиски, или од по некој залутан и застарен весник кој случајно ќе дојдеше до нас. Минаа неколку години од кога имаме можност да ја следиме програмата на Македонската телевизија, и на почетокот беше интересна. По некое време и дневните весници од Македонија го открија интернетот па одвреме - навреме ставаа по некој прилог во интернет.
Денеска, покрај "програмата" на Македонската телевизија, имаме можност да следиме преку сателит и неколку приватни телевизиски станици од Македонија. Интернет изданијата на дневните и неделните весници од Македонија веќе ја поминува бројката - 10 и се секогаш "пресни'.
Комуникацијата со нашите блиски во Македонија не оди преку скапите телефони туку преку бесплатните канали на интернетот. И освен ова последното, контактот со роднините и пријателите од кој стварно ќе разбериш нешто што те интересира, другото се е "лук и вода".
Македонската телевизија, освен со дневно "актуелните" вести, емитува реприза на репрезираната реприза од репризата..... "Прифатните" или ставаат по некоја касета со пеачи (кои пеат), снимена во некоја кафана - па од кога ќе заврши касетата пак - одпоново, или емитуваат некои си шпанско-португалски-бразилски емисии, срцето да ти пукне - не од тага, туку од нервоза.
Весниците, ништо посалам - како ние во средното, секој од секого препишува и само со ептен мала фантазија ќе промениш некое зборче - да не примете професорот !!! (мислиш професорот, професор се родил и не го поминал тоа што ти го поминуваш). И така весниците пишуваат: "Мајкл не пофали...", "Клаус не подржува...", "Педерсон ќе инвестира во Македонија...", ... и секој Божји ден иста прикаска.
Затоа престанав да гледам телевизија (барем онаа што ни ја поттуриваат преку сателит, кобајаги "од Македонија"), и кога стварно нема што да работам ќе кликнам на некој весник во интернет - на "црна хроника" со надеж дека ќе прочитам нешто од Кавадарци.
На времето дури бевме во "Титова Југославија" тие што сакаа политички да се образуваат одеа во Кумровец, а денеска ??? цела Македонија е Кумровец. Само за политика се зборува, пишува, известува, .... СЕ ШО Е НОГУ, НЕ Е УБАВО. или од "ногу глава боли" (како сакаш врти си го).
Денешните политичари прават како да мораат да го измислат тркалото наново, а оно треба само да се заврте. Ама...
И така во овие зимски денови кога навечер ќе си дојдам дома од работа, а надвор е веќе мрачно и ладно, ќе си го земам филџанот со кафе, некој весник (не Македонски - тие сите ми се "прочитани"), ќе си пуштам телевизор да плапоте (исто како шппански да лафат), и си мислам што да направиме да Господ и нам ни опрости, и еднаш и ние Македонците се управиме како поголемиот дел од културниот свет.

50/2008

Ќути, има полошо !!!

Се возиме по автопатот во правец на западна Швајцарија. Не поканија пријатели, Македонци, од друштвото МАКЕДОНИЈА во Ешелан. А ние, како претставници на друштвото Св. Кирил и Методиј во Баар со радост се одзвавме на поканата. Убави се овие работи, коага се собираме и поминуваме заеднички и пријателски средби.
На патот пред нас вози еден VW, новиот модел на легендарната "БУБА". Се отвара муабет како "порано се беше подобро". За тоа зборуваат и бројките на новопродадените "New Betel", и ако секој од нас имаше сон да вози или БУБА или Мини Морис, овие ново/стари модели не се продаваат како што очекувале нивните создавачи. Треба да почекаме да видеме што ќе направи "ФИЌЕТО" - и него го направија наново.
Како што кажав сите ние метчтаевме за овие возила, ама дали тоа време на сите ни останало во добри сеќавања? Или како што изгледа сите сакаме да ги заборавиме тие времиња кога фиќето беше стандарт, а стоедното најспортската кола. Или сакаме да заборавиме се што не потсеќа на тие времиња?
Стигнавме во салата која беше спремна за дочек на гостите, домаќините не пречекаа домаќински - со топла ракија, а како инаку? надвор беше се во бело. Најдалечното минато за кое зборувавме беше тоа утро, како сме стигнале, како стигнале да се спремат и слично. На почетокот уште немаше теми од времето на "Бубата". Времето одминуваше и нашиот муабет се се вртеше околу "актуелни теми". Супер ден. Обично кога ќе се собериме повеќе Македонци одма споредуваме како беше тогаш, како беше таму ... Муабет што утепува у поим. Исто како она во Македонија "Ќути, има и полошо"„
Ќути, има и полошо !!! ова го слушам често додека сум во Македонија. И никако неможам да сватам зошто луѓето се помируваат со "лошото" - само оти има полошо??? Неможам да сватам зошто народот, еден дел, чека да некој му ја направи ситуацијата подобра или барем да остане така, оти "ќути, има и полошо!". Јас пред многу години живеев во Македонија, јас не викав "ќути, има и полошо!" затоа што мене, благодарение на моите родители, не ми беше лошо. Ама доживеав неубави работи. И пак не кажав "ќути, има и полошо!". Ме измамија и роднини и пријатели, пак не кажав "ќути, има и полошо!". Кривицата не ја барав во никој. И ако млад и зелен, се одлучив да направам нешто што никој од мене не го очекува. И направив. Не измислив ништо ново, само се прилагодив на ситуацијата. А покрај тоа си ја најдов и среќата.
И денес кога иде "нож до коска" не викам "ќути, има и полошо!". Туку се прашувам:
Шо да направам да ми биде поарно?

51/2008

... кај нас ...

Средина на месец декември. По втор пат ова зимо не "изненадува" снегот. Но еве и после скоро 20 години во Швајцарија ова ми се случува првпат. За релацијата која секојдневно ја поминувам до работното место и која во нормални услови ја поминувам за 20-25 минути, вчера ми требеше 70 минути. Првите неколку километри од патот кој беше прекриен со 2-3 центиметри снег личеше повќе на вистинско лизгалиште. Ми требеа само две-три кривини за да се расонам - СКРОЗ. Колата и ако опремена со зимски гуми се движеше по правилата на физиката, а не по сообраќајните правила кои важат во Швајцарија. На времето додека беме млади и ...., и кога колата беше на тато, во овакви сличаи дури сами си го бараме да ја "занесиме" колата, "како Валтер Рор". А сега, при најмалиот осет дека задните тркала не ги пратат предните, се случува нешто во стомакот. И така ги поминував киломтрите покрај живописното Цугер езеро концентрирајќи се на сообраќајот околу мене. Само "најхрабрите" се осмелуваа да не пристигнуваат со нивните "теренски" возила од типот на Mercedes ML и BMW X. Кога стигнав некако до Цуг, шо ќе видам - хаос. Стоејќи така во колоната која чекаше да се мрднат од улицата автобусите и еден шлепер кој поради лизгавиот пат беа размаани како микадо, си мислев како е горе кај нас на работата што е 300 метри повисоко - ланци. Си се истранив од колоната и по втор пат во мојот живот монтирав ланци. Од кога го помунавме "главното лизгалиште" и го исправив патот за излез од Цуг на улицата која беше покриена со снег бев "најбрз" - ланците си ја бркаа работата, само еден со Мерцедес МЛ ме следеше, другите или имаа некои проблеми или бараа слободно место покрај "паркираните" БМВа, Мерцедси и комбиња на нагорнината која требаше да ја совладаме. На последната нагорнина и раскрсница од која требаше да почниме од "0"- останав сам, и теренскиот мерцедес имаше проблеми со нагорнината и снегот. Стигнав на работата и како прво во овакви сличаи - си направив кафе. Радиото јавуаваше дека секаде околу нас е повеќе или помалку хаос.

Тука почнува она нашето, "ДА Е КАЈ НАС..."
Ова, кај нас, го користиме доста често и мислиме за некои работи како се во Македонија. Има луѓе што тврдеа дека да вакво нешто се случи во Македонија три дена ќе неможат да се средат. Можеби и е така, ама ако во Македонија падне 30-40 центиметри снег за 1 саат, дали ќе се осудат сите да со своите возила испаднат на улиците? (и во општо, дали ќе "запалат" сите возила) Дали Македонците се исто така тврдоглави како тукашните возачи кои ниту на возилата кои го чистат снегот не им го отстапуваат своето право на прединство. Има многу работи, да не кажам сите, што човек неможе да ги спореди. Како на пример пред некое време кога имав прилика да од наставник по Македонски јазик, кој е дојден пред два-три месеци во Швајцарија, слушам како образовниот систем на Македонија е многу подобар од Швајцарскиот !!! Бевме стварно "убаво" друштво па не сакав да прашам дали тоа го забележала по тоа што овде учениците добиваат учебници на користење од државата, а во Македонија еве и кратко пред полугодието учениците неможат да си купат соодветни учебници, или по тоа што овде учениците учат домаќинство и тоа

како се прави некое јадење или плетат нешто, а во Македонија секоја втора година се прават експериментални наставни планови. Дали по тоа што тука учениците учат математика за да човек не ги излаже на пазарот, а кај нас во Македонија има деца што ја знаат логоритамската таблица напмет.

Јас одамна не ги споредувам работите, ниту аир има од тоа, ниту приятели ќе добиеш со тоа. Познато е дека ние Македонците сме најпаметни луѓе на светот па не ми треба некој друг да ми објаснува некои работи што јас секако подобро ги знам. Зошто споредувањето понекогаш е и давање на совет на некој, па ако е директно потрефен... Пред ногу години, во времето кога почнаа да се отвараат "кафиќи" низ Кавадарци пробав на некои новопечени кафанџии да им дадам совети како некои работи се прават по локалите кои со години работат ... ама човеците секако дека подобро знаеа. Сватив дека работите се толку различни да стварно човек неможи нешто ниту со измени да преземе, а не па "1:1"

Ама за утеха, една работа е сигурно иста: и тука е снегот бел.



52/2008

КРАЈ

“... зошто се што е убаво има крај ...‟ пееше Оливер Драгоевиќ, уште ногу оддамна. А изгледа дека секогаш актуелно. Ама и се шо е не убаво има крај. Или да речиме дека оваа година, што има уште некој ден до крајот, беше убава ? Најточно ќе биде ако кажам дека за мене оваа година беше нормална, со сите убавини и проблеми што ги носи животот. Можеби сме очекувале повеќе, ама здравје, еве иде нова година и повторно ќе си посакаме се најубаво.
Ногу работи ме нервираа ама и ногу работи ме радуваа во ова 2008мо лето господово. Да почнам сите да ги пишувам ниту некој ќе ги прочита, ниту пак јас некогаш ќе ги допишам. Ама еве последниве денови се случија некои работи кои и ме израдуваа и ме изнервираа. Пред некој ден режисерот Милчо Манчевски го претставил својот најнов спот за Македонија наменет за туристричка промоција на Македонија. Спотот го видов и мене ми се допаѓа, ама тука се јаваи и онаа работа што ме изнервира. По интернет страните на македонските медиуми имаше јавено десетици “струќнаци‟ кои до темел го критизираа најновото делото на Манчевски. Тука одма ми се појави онаа, правата, слика на Македонецот. Кога еднаш ќе бидеме единствени? Како неможиме да се помириме со фактот дека некој некоја работа подобро од нас ја знае?
Ама ајде иде Новата година и ќе си посакаме...



2009/01

почеток...
...почна Новата година. Ние и направивме пречек, ама она и така ќе дојдеше, и да не ја чекаме.
За првпат во мојот живот одлучив (тоа и за лани така беше планирано - ама ме убедија, лани) да ја пречекам не отворено со многу луѓе. Ногу сакав да биде тоа во Луцерн, ама по скромните информации изгледаше дека таму за таа ноќ повеќе е планирано да им се земат на народот парите по баровите, дискотеките и ресторантите. На отворено немаше ништо најавено. Па така одлуката падна - Цирих. На мојот "план" ни се придружија уште неколку пријатели (арно оти дојдоја, инаку ќе си останевме дома), кои после скромната вечера ме убедија да одиме за Цирих и ако врнеше снег како во сред зимо. Патот, а и се околу беше бело. Кога стигнавме во Цирих, неврнеше снег веќе, ама патиштата и тротоарите беа покриени со "каша" од снег. Огнометот кој беше најавуван како "ФЕНОМЕНАЛЕН" се удави во маглата и во сопствениот дим кој беше притискан од маглата. Стварно, таков "огномет" до сега немав видено. И така на Банофштрасе во Цирих си посаквме многу здравје, радост и се што оди со тоа, ги испукаме шампањските, испиме по едно-две, и пак накај дома.
Убаво беше.
И така почна Новата година, полна со надежд и очекувања...
1-ви јануари, околу ручек се расониме, "среќни" дека почна новата година. Како секое утро кога ставам покасно, го правам она што секоја совестен човек го прави - го уклучив компјутерот. И си викам дај да видам како е ситуацијата во Кавадарци. - ТИКВИ !!! После ми текна кој е "улав" уште сабајле да пишува што се случило во Кавадарци ??? Излез - радио Галакси, демек од Кавадарци, и стварно, РАБОТЕ !!! Слушам како некоја си фирма на своите муштерии, соработници и на сите соселани им ја честита новата година, СО ПЕСНАТА: «Зашто срце моје нема славину да те од њега отпустим, да те немислим» !?!?!?!? ...ајде Нова година е, човеците уште се "под дејство". Друга фирма исти желби, друга песна «Ја те волим а ти непримеќујеш», и така уште едно пет-шест пати "среќна вам нова година", дури не ми текна дека можам да го изгасам радиото, и да се смирам.
Заначи и во "Новата година" по старо. Никако да сванам како може некој такво нешто да обожава. Еден музичар пред некоја година кажа: «Додека беше "дискофолк" се слушаше, кога помина во "турбофолк" го избегавав, ама од овој "порнофолк" се срамам». Тоа го кажа еден српски музичар.
А ние, Македонците, упорно ли упорно го подржуваме ова насилство на музичките чуства....Додека ние беме млади, едвај чекаме да некој од грција ни донесе странска музика, оти неможеме да ја снимаме од радиото а да не се слуша Сабрето со "се снимате, се снимате..". А сега србија - странство, како што оде за некоја година и косово ќе го сметаме за "запад"....
Гасам интернет радиото одам на телевизорот "Македонската" А1 емитува некоја си собранија на дечишта од балканот на српски јазик, "Македонската" МКТВ емитува реприза на репрезираната реприза, "Македонската" Сител - шпански.. исто како и некоја "Македонската" алфа ТВ...
Среќна нова година....
Ама и убави работи се случија во овие први денови на Новата година, Ракометната репрезентација на Македонија не изненади и победи на

ракометниот куп во Винтертур. И ако само стотина души ја подржувавме репрезентацијата, меѓу кој и Македонскиот амбасадор во Швајцарија, слушајќи се на снимките на телевизијата - алал да ни е. Право да ви кажам убаво е тоа чуство кога се победува. Еве ќе ја рачунам Новата година од тука, Да ни биде убаво.

А тука во Швајцарија скоро и не се приметува дека е почеток на годината. Украсите и лабичките кои беа закачувани уште во средината на октомври ги снема за два-три дена, така да денеска саму уште некоја ламбичка на нашата тераса ( а чекаме Новата година ) и некоја заборавена уште светат...

Среќна Нова година



2009/02

Поминуваат првите денови од најновата година. Нешто многу празници ни се насобараа па така се прават првите планови за диета. Ама ајде ќе почекаме уште некој ден да поминат сите празници.
Денеска после неколку денови "огреа" сонце, поточно маглата попушти и тоа кај мене на работата, долу по ниското уште непопушта. А и другите почнаа да работат, пак гужви по патиштата има. Мене ми изгледа дека секоја година има повеќе коли по патиштата, не ми е јасно, сите зборуваат за некоја си економска криза, а патиштата се полни со нови автомобили, сите возат некаде, продавниците исто така се доста посетени, пари се троши на сите страни и само се зборува дека поскапувањето е условено од "глобалната економска криза". Исто така прочитав една добра вест условена од "глобалната економска криза", и индустријскиот загадувач на Македонија ФЕНИ ќе одпуштал работници заради кризата. Да даде Господ скроз да се затворе. Оваквите мисли кога ги зборував низ Кавадарци бев најстрого укорен од соговорниците, како може да се затворе најголемиот работодавач во Кавадарци? Од што ќе живеат Кавадарчани? Ама јас сум уште со истата мисла: ФЕНИ треба да се затворе,и се шо подсеќа на фабриката ФЕНИ да се искорени. На почетокот на овој 21-ви век кога сите се борат за чиста човекова околина, ФЕНИ со благослов од некои си локални политичари (кои изгледа имаат есап) ја загадува Тиквешијата со нај отровните состојки што може да ги има. И после па од друга страна иститe тие политичари лафат како иднината на Кавадарци е во виното и винскиот туризам ?!?!? Не ми е јасно кој може да на еден европеец му продаде "квалитетно вино збогатено со тешки метали"?!?!?! Ама се има крај ...
Ете идат нови избори па можеби Кавадарчани овој пат ќе одберат ...
Ама како и да е почна новата година, безинот повторно поскапува, рачуните се трупат и се е како од секогаш. Јас секое сабајле идам на работа, децата почнаа нашколо, а денеска и ламбичките на терасата ќе ги изгасиме, дојде и Старата Нова Година. (кинеската не ја чекаме во последно време). Телевизијата т.е. политичарите почнаа со "воа ќе го направиме вака, тоа ќе бите така", а шо да прават сиромашките, уште некој месец па избори, па "проверки и престројувања".

Господ нека е со Македонскиот народ во ова лето господово 2009-то

2009/03

И он се запцу. И одма е се поубаво. Еве дури и во Швајцарија - денеска снегот се топе.
Убаво да е човек - претседател, ама јас би сакал да бидам - ЦАР. Цар е уште поубаво. Претесдателот може ногу работи да си дозволе, ама има и опозиција која ќе го коче у некои работи. А царот, е цар, а каже некој нешто против него - одма главата лета.
Кога би бил цар одма ќе го направам Светот (или царството) поубав. Како прво ќе ги укинам сите приватни телевизии. А со тој "удар" ќе утепам ногу муви. Ќе нема веќе биг брадер, супермодел, супертaлент, музикстар, и уште еден куп непотребни емисии кои служат само да се исполни времето помеѓу рекламите. Е да можам, одма би му ја исклучил струјата на ние во "џунгелкамп" и би ги оставил таму каде шо се, на кој му трбаат уште третокласни проминентни со искуство во глупости правење. Не е жално шо за овакви безкорисни емисии се троше струја и со тоа се загадува човековата околина, ама мене ме чуде како тие емисии наоѓаат гледачи. Колку треба да си разочаран од живитот да губиш време пред телевизорот гледајќи како некои си "нормални" човеци насила сакаат да постанат познати ??? Жалното е во тоа што стварно тие таквите после повторно се враќаат на истите тие телевизии и се прават дека успеале во животот. А истите тие, приватни, телевизии повеќе зборуваат и расправаат за тие "инстант уметници" отколку за уметници, музичари, спортисти и слично кои со сопствен труд и талент, без "помош на солзи и емоции", постигнале многу повеќе од сите заедно "инстант уметници".
Вчера читам у некое интерет издание на Македонските весници, како некое си Аце поголем интерес побудил кај присутните во Охрид одколку кандидатите за Претседател на Р. Македонија. И после сакаш држава, со кој "кадар" ???
Колку наши млади уметници или да речиме ученици постигнале видливи резултати по светските фестивали на класична музика или некој научен натпревар на знаење ??? За овие млади луѓе со кој човек може да изграде држава, поточно кажано здрава држава, никој не се "занимава". На широките (да не речам простите маси) поважно им е кој "инстант проминент" какви гаќи носел или не. Или кој со која, или кој со кој, или која со која, отишле "над паркот..."
А и во моето мило Кавадарци ми изгледа не е многу поинаку. Лани есента некаде, дознав дека има две итернет страни од Кавадарци или да речиме за Кавадарци. Едната се прокламира како официјална страна на Тиквешијата, а другата како официјален пијалок на Тиквешијата. А таму шо ќе виде човек? Секавки информации од белиот свет и од "белосветските". За Кавадарци и Тиквешијата, шо викаме ние - чат/пат има нешто!
Важно не се "пожални" од официјалната интернет страна на Општина Кавадарци.
Е, да сум ЦАР ...
Ама ајде, барем поминувачка нека има ...

Yes, we can!

2009/04

Е да имаме уште еден Ќире Лазаров. Е да имаме човек за претседател. Е да имаме ... Ама нас се одпосле ни текнува. Јас не сум ногу по спортот, ама во последниве денови човек неможе да го избегне контакт со светското првенство во ракомет. И како и секој Македонец, и јас сум малку поносен со ракометната репрезентација. Има и онакви што тврдат дека може и повеќе да се постигне, ама јас лично мислам дека е одличен резултат да се пласираш меѓу првите 12 во светот. Некои им се лутат на репрезентативците што не ја победија Германија или Норвешка?!?! Германија околу 100 милиони жители, секое село си има неколку сали, а ние, 2 милиони и по некој "партизан" таму-ваму. Во сите западни, а и други држави каде спортот и градењето на сали не е политичка маска, си има по неколку клубови и секој клуб озбилно си работи на создавање на спортисти. А кај нас во саканата Македонија штом некој ќе освое некоја медаља - одма е главен и заборава да трења, заборава на дисциплина, абе едноставно "ѕвезда". А ете некои, кои и понатаму дисциплинирано работат, не сакаат да бидат ѕвезди туку само спортисти, постигнуват нешто и се викаат Лазаров или Попов и ако не светци постанувaат вистински ѕвезди.
Друг циркус. Исто како во спортот, така и во политичкиот живот во Македонија, експериментираме и очекуваме да дадиме гол (па макар и автогол да е). Така уште на времето, тогашниот претседател Борис Трајковски, Бог да им прости, зборуваше за "Е-влада", "Е-економија", "Е-стопанство" и дека Македонија ќе биде држава на информатиката. Од сето тоа се постигна само "Е", како "ЕКСПЕРИМЕНТ". Ете "одмиме" (или лутаме) да направиме "100 чекори" ама никако да почниме да броиме и да видиме дали сме направиле некој чекор !?!?! И сега кога треба да одбериме човек за претседател место да се бара човек кој е способен, и ќе го бива стварно за претседател, партиите како на покер ги вадат "скриените асовите" т.е. кандидати кои подоцна ќе им бидат послушни.
Е да имаме ЦАР....

2009/5

Експеримент “МАКЕДОНИЈА“

Македонија - име кое со векови опстанува во историјата. Денес кога ќе каже некој Македонија, се мисли на Република Македонија, мала “независна“ држава на Балканот (му одговарало на грците тоа или не!). Ама Македонија била и за време на Илинденското востание, Македонија опстанала и по 500 годишното владеење на Османската империја, а Македонија била и пред Христа - кога цар бил Филип II Македонски. Пред неполни 18 години (по последен пат - за сега) стана Македонија самостојна, независна, повеќепартијска и шо уште ли не ... Ама како секое дете, така и “најновата“ држава, не знаеше што да почне со новодбиените, демократски, независни, повеќепартиски работини. Па така еве со години се лута и насила се турка нешто, а да прашаш некој: каде? сигурно нема да се најде јунак да ти даде одговор.
Сега се спремаме да одбориме Претседател на државата. А кандидати - како и досега, послушни партиски пиони. Имаше двајца кандидати кои по мое мислење достојно ќе ја презентираа Македонија, не само Република Македонија, туку стварно Македонија. Но Г-динот Срѓан Керим и Г-динот Тодор Петров, како двајца профилирани политичари изгледа не одговараат во политичките игри на меѓу партиските препукувања. И така повторно со “најискрени“ ветувања на партиите, се подржуваат кандидати кои се “најспособни“ - да ја слушаат партијата. Народот !?!?!? е тука да слуша и одверме навреме испадне на гласање како би се оправдале пред светската јавност дека и кај нас владее демократијата. Ќе даде Господ, ќе се одбере Претседател. Но реалноста ќе остане иста како многу пати до сега. И понатаму ќе се работи на евроинтеграцијата и членството во НАТО, притоа заборавајќи го невработениот и незадоволниот народ во државата. И понатаму “бизнисмените“ парите кои му ги скратиле на работниците и ги сокриле од државата, ќе ги доставуваат во грција за да потоа на некоја кафанска маса со понос се фалат колку пари истрошиле за време на одморот во странство (најчесто во Егејска Македонија). И најновиот претседател од кога ќе ги посети сите специјални болници и установи, и од кога ќе биде избран за претседател ќе продолжи да ја слуша партијата која му овозможила да биде “главен“. Поголемиот број на оние што ова ќе го прочитаат ќе кажат: “арно ви е на вас одстрана да солите памет, дојдите тука да ве видите како е.“ Точно е тоа, одстрана работите изгледаат поинакви. Но Македонија сака да “оди“ во Европа и во НАТО. И досега се тие, (не ние Македонците во странство) европејците и странските “експерти“ кои ја оценуваат состојбата и спремноста на Македонија да се вклучи во меѓународното семејство на “сигурни“ држави. И тие ја гледаат Македонија од страна. А од страна, Македонија изгледа како голема експериментална лабараторија во која со околу 2 милиони “глувчиња“ некој мајтап си играе. Најтрагичното во цел “експеримент“ е тоа што никој одстрана лошо не ни прави. Сите неубави и недовршени работи се дело на самите нас и на нашите политичари кои нивното постоење како политичар го сваќаат како прилика да си го подобрат сопствениот живот, а не обврска да допринесат за државата и да се одчетат кај народот кој ги избрал да го застапуваат.
Ама уште некој месец, и Македонија ќе постане полнолетна - и тогаш ќе може “сама“ да одлучува што ќе се случува во неа и со неа.

09.02.2009

2009/06

Кој пее зло не мисли!

Ако одиме по оваа поговорка тогаш во Македонија живее нај незлобниот народ на цел свет.
Така површно ги подзагледував композициите кои во првата полуфинална се такмичеа да учествуваат во изборот за песна за "ЕВРОВИЗИЈАТА" и ми изгледаше дека сé "живо и диво" пее
(- Господ нека ни е на помош). Ги гледам така и се чудам, па како толку сирачиња пеат?
Сираци !?!?, затоа што мислам ако имаат родител, роднина или барем прав пријател ќе им кажат дека не ги бива. Ама ајде по наа на Ребека: "... гледам сите пеат па си викам и јас можам." сé со глас и со стас, а и без тоа, сé си пее ...
Избор за песна на Евровизијата, едно од најзначајните случување во Македонија. А во меѓувреме и песна одбраа . И може да се каже дека една од поважните работи во Македонија за оваа година ја свршиме. Сега уште претседател да "ОДБЕРИМЕ" па во Европа ќе викаат: "Макдонија, зеро поинт". А на изборот за песна на евровизијата, шо да каже човек, од "Рум, дум, дум" преку тралала за да на крајот биде "... оф леле аман ..." Абе и после 17 години независност и незнам колку години учество во изборот за песна на евровизијата, нашите композитори, текстописци, аранжери и сите што "работат" околу тој циркус, не сватија дека со "осеќајни" и "уметнички" песни не се оди пред европскиот суд. А колку е глуп тој настан - избор на песна на евровизијата дури ни самите гледачи неможат да сватат, па упорно гласаат по "СМС". Избраа некоја песна на која уште денес се работи на преведување на англиски јазик. Нас како мали не учеа дека "баби и жаби не се собира" а тука ќе одберат некоја Македонска песна и од кога ќе заврши цел циркус - одма на англииски (да не разбереле сите, - ТИКВИ) Одбираш едно - оди друго!!
А скандали неброени. Уште непочнати, браќата бараат да се пее и на албански. Мене ако ме прашат нека пеат и на цигански или јапонски - секако на крајот ќе а преведат на англиски.
Го прогласија победникот, публиката не задоволна, жирито не задоволно ( таму па еден, цел озбилен вика ".. да не се зафркаваме, ова е озбилна работа, 12 поени за дум дум... - гревче!). а вторите кои требаа да ја земаат втората награда и да заминат на скалите на припек, не се ни појавија, не само налутени, изгледа и навредени се (ќе разбериме тие денови).
И како во секоја работа и тука има позитивни работи. А една е дека од денеска весниците ќе имаат што да пишуваат. Па така за некое време ќе се подзаборави за неплаќањето на патарините, за отпуштањето од работа на работниците, за покачувањето на цените на се и сешто, на неработењето на политичарите и други работи кои не се толку важни, со нив не одиме на ЕВРОВИЗИЈАТА!

23.02.2009

2009/07

Почеток на деветата година од XXI век. Покрај сите мобилљки, лаптопот, безжичен интернет, денеска одлучив да набавам еден модем за на местата каде интернетот не е достапен по “нормални“ услови. Па така еве седам и читам како функционира модемот кој треба на сите безжични мрежи од мобилната телефонија да работе. Седам и читам - на свеќа! Да, на свеќа! Зошто еве и тука доживеавме да снема струја без никаква причина. Се случувало и порано да снема струја при некое невреме минута-две, ама како денес уште не. После половина час упатството е прочитано, модемот инсталиран и на последните цртки од батеријата на лаптопот веќе сме во интернет - стварно функционира. И бидејќи свеќата уште горе, ајде да ја провериме поштата (вистинската, што поштарот ја донесува). Отварам неколку писма со различни реклами, ништо интересно. Но еве едно кое нѐ обавестува дека “Македонското младинско друштво“ организира забава по повод 8-ми март, - и одма нервоза. Не ме изнервира што тие “младинци“ кои се одделија од нашето друштво на ист датум како и нашето друштво прават забава, секој си има право да работе што сака во оваа демократска земја. Ама уште еднаш повеќе ме изнервира нивната “презентација“. “МАКЕДОНСКО МЛАДИНСКО ДРУШТВО «ИЛИНДЕН»“ на еден од листовите понуда за кредити - на српски, друг од листовите некоја си реклама за вечер на тепачите и на крајот вистинската реклама за забавата напишана стварно на Македонски ама половината со бугарски фонт. Македонско ??? Илинден ??? Среќа што Гоце Делчев, Даме Груев и дружината се веќе мртви иначе сѐ такво ќе истребеа. (или немаше да се борат за Македонија ако знаеја за какви потомци се борат). Некој ќе рече, па што сето тоа се ситници. Ама ние Македонците од века паѓаме на ситници. Не е ситница да во време кога секој комшија околу Македонија сака се што е Македонско да порече и присвое. Не е ситница кога како друштво на Македонци ја репрезентираш Македонската култура и Македонството, не е ситница кога на своите деца треба да им всадиш трошка Македонство. Арно ама ...
Струјата дојде. Ајде сега вечера да си направиме и “нормално“ да го продолжиме животот - со струја

26.02.2009

2009/08

Полека ја осеќаме пролетта, малку се стопли, не врне снег секој ден, а и маглата се поретко се јавува. Па така фанав ги спремив фотокамерите - филмовите намотани, батериите полни, чиповите испразнети и сега само да дојде викенд, па да се опуштиме малку од "активнстите" на друштвено ниво. А тие активности, шо да ви кажувам - интересни !!! Во последниве недели се сведуваа на организирање на Осмомартовска забава. "Осми март, интернационален ден на Жената" !!! Во бивша југославија, кога народот не смееше официјално да ги слави Божиќ, Велигден и другите верски празници, комуништите измислуваа свои празници или вака не убедуваа дека интенационалните денови на жената, на работата и слично, цел свет ги слави. Дури после ногу години разбрав дека во стварност тие денови само кај нас и кај Кастро се славеле. Ама ете, југославија ја нема, комуништите се социјали, ама од виа празници никако да се одкажеме - па упорно ги славиме. Така, а можеби уште појако му одаваме важност и ние во дијаспората (дијаспора - го обожавам овој збор) па најнормално дека треба некако да се одбелжи. И затоа друштвото како секоја година си постави цел да се организира забава по повод осми март. И како и секогаш досега не беше лошо, жените со мажите дојдоа на забава, а не ги заборавија ни децата. Па така од интернационален ден на жената испадна општонароден собир, на кој не само жените се радуваа. А за тоа нема човек шо да се жали, убаво е кога вака во "диаспората" се собираме за убави работи, а покрај тоа и малку се развесели човек. Еве после неколку денови од кога сето тоа заврши и од кога жените (важни) повторно почнаа да одат на работа, да спремаат ручек за фамилиите, да не перат и пеглат, може и ние мажите малку "послободно" да дишиме - се одужиме спрема жените!!! (... бог да чува !!!)

И така сега може да се посветам на не толку "битни" работи во животот, како што е фотографирањето, возењето на мотор или слични работи од кој "фајде нема", ама работи од кои исто така и мака немам.

п.с. кога е интернационалниот ден на мажот???

петок 13-ти, март 2009

2009/09

‟За Македонцките работи‟...
Ееее, КП Мисирков уште пред ногу години пишувал за Македонцките работи. И напишал една книгичка со неколку странички. А за ‟Македонцките работи‟ човек може да пшува, и пишува, и пишува, ... крај нема.
Лето господово 2009-то. Поминаа години и години додека Македонците во Швајцарија со работа и безрезервно залагање успееа да изградат храм на Светиот Наум Охридски. Одма ке каже некој, не е изграден уште. Ама сега од кога сите покриви и куполата се направени, тешко од тоа да испадне спортска сала,тоа е и ќе биде првата Македонска првославна црква во Швајцарија.
И како што секоја црква ја личи со поп, така и за оваа црква требеше да се ‟набави‟ поп. Ама за радост на сите се најде и свештеник, ама не поп. И нормално дека еден свештеник кој е способен може да стане и поп, па така со Божја воља и Благослов од Митрополитот европски беше направено ‟Ракополагање‟ на свештеникот. Првата Македонска првославна црква во Швајцарија, го доби својот прв поп. 28ми март 2009-мо лето господово. Ден за историјата на Македонија. Ден на кој секој еден Македонец во Швајцарија треба да биде горд. Ден кој нема да се повтори. Ќе се направи можеби и друга Македонска првославна црква во Швајцарија, ќе се ракоположи и друг свештеник за поп во Швајцарија. Ама ни едното ни другото нема да бидат први. А првите се ‟шампиони‟ за нив се зборува и пишува и после долги години - вториот е втор, да не речам никој и ништо.
И така на оваа прекрасна и единствена свеченост, освен четворицата свештеници учествуваа уште едно 10 - 15 верници. (само да спомнам, само управниот одбор на истата црковна општина брои преку 50 членови !!!)
Каде беа тие верници кои се собират во стотици кога ќе дојде некоја пеачка со сукњичка? Зар стварно сите баш тој ден имаа обврски? Каде беа верниците да му ја покажат почеста на нашиот отец кој од сега па натаму ќе ни биде верски водач?
Ееее КП, да знаеш што си испуштил и за што се би можел да пишуваш, ‟За Македонцките работи‟ не би ја напишал така.
Ете така уште еднаш повеќе доживувам, како ние Македонците ‟паѓаме‟ на мали работи. Работи кои неслучајно се случуваат во ‟наше‟ време. Што треба да направи човек, а и бог, да ние стварно се радуваме? Дали еднаш кога поставената цел, изградбата на црквата, ќе биде постигната ќе има кој да ја посетува? Дали ....

п.с. знам дека точниот назив на тоа друштво е ‟Македонска православна црква‟ ама ова ‟првославна‟ ми останало од Баба ми, Бог да ја прости.

30.03.2009

2009/10

Ѓорге наш победи

Македонскиот народ после скоро осумнаесетгодишна "самостојност" се избори за еднопартииски систем. После овие фер, демократски и мирни избори, отворен е патаот за во ....
..........................................................................................................................
Си одел в'кот по патот и го сретнува мечката.
-в'че каде одиш?
-ами еве..
-капа оти не носиш?
-ами... јас... знаиш...
ТААК ТААК! му удара две шлапаници мечката на в'кот
Утре дента се сретнуваат повторно мечката и в'кот, ама в'кот си носи капа.
-в'че, имаш цигара? го прашува мечката
-ами јас не пушам, немам.
ТААК ТААК! пак му удара две шлапаници мечката на в'кот
после некој ден пак се сретнуваат мечката и в'кот. В'кот со капа на глава, цигарите у џепот, спремен.
-в'че, имаш цигара? го прашува мечката
в'кот вади цигари и ѝ понудува на мечката.
- шо е воа бе ?!?!? ами јас не пушам "југославија"
ТААК ТААК! пак му удара две шлапаници мечката на в'кот
после некој ден пак се сретнуваат мечката и в'кот. в'кот у сите џепови секакви цигари - спремен.
-в'че, имаш цигара? го прашува мечката
в'кот вади цигари и и понудува на мечката.
- ами јас не пушам "партнер"!
в'кот вади малрборо, мечката а зима цигарата и пак.. ТААК ТААК! му удара две шлапаници на в'кот
- ТИ ПА КАПА НЕ НОСИШ!!!
..........................................................................................................................
Вицот стварно е ептен стар и никогаш не ми бил смешен, ама сега ја сваќам полека неговата смисла.
Еве сега иде Велигден, после Ѓурѓовден и после неколу топли пролетни денови, повторно ќе не стигне секојдневието. И после?
После пак секој ќе си ја брка својата работа колку што може.

2009/11

Поминува и Велигден. за разлика за нашите сонародници во Таковината, ние во дијаспората и оваа година го работиме понеделник. И оваа година не се потрефи Велигден по Првославен и католички календар.
Како секој што се осеќа верник, така и јас отидов во црква. И гледав како човеци од иста вера имаме различни обичаи. А како и друго да биде. Еве јас а и поголемиот дел, да не речам сите, растевме во еден "верски вакум". Такво беше времето, седумдесетите и осумдесетите години кога со Баба (Бог да ја прости) одевме за Велигден во црква и се дутнеме под маса. И тоа беше сето наше верско образование. Ќе одиш еднаш во црква и што ќе ти кажат пострите - тоа ќе правиш.
И додека тука во Швајцарија "од Кантон до Кантон" некои работи се различни, кај нас се од село до село ногу работи различни, а за обичаите да не правиме муабет...
Така пред некој месец почнаа децата во Македонија во училиштата да учат и веронаука. Не лоша идеја за да се формира една комплетна личност. Ама пред и да заврши учебната година некои си судии го укинаа овој покушај да се направи нешто повеќе од нас Македонците како толпа неверници. Јас имав "привилегија" да учам Марксизам, и право да ви кажам кога ми е тешко не викам Боже помагај туку "Карл напомош" (плапа ла, плап...!).
Човек да се скине од смеа кога некој ќе каже у Македонија имаме најсолидно образование. Неретко и тука се тврди дека во Македонија поквалитетно школство има отколку во Швајцарија. Мене не ми е јасно, како од кога знам, се нешто се експериментира околу школството. И тука во Швајцарија се пробуваат разни методи на школство, ама тогаш тоа не го работи цело школство. Ќе одберат едно училиште или една генерација во некое место, ги пробуваат новите наставни методи и после некоја година ќе го споредат резултатот со "нормалните" училишта. Ако треба се врши измени кај едните или другите без да се направат револуционерни промени во целокупното образование - и така едно 150 години се работи. Па кога ќе виде човек на писмо, стварно школството во Швајцарија е "старо"!

2009/12

-интернационален ден на Жената
-интернационален ден на крводарителите
-интернационален ден на лаборантите
-интернационален ден на непушачите
-интернационален ден на Ваташаните (не, не, тоа беше ваташка вечер!!!)
-интернационален ден на екологијата!

Е за ова последново "интернационален ден на екологијата" разбрав на вестите на КТВ. И замисли како беа строги коментарите за тоа што кавадарчани не го одбележале овој интернационален ден кој во "преку 174 држави во светот се прославува ?!?!?!
Сабајлево стигнав на работата и одма ги зедов весниците од вчера, уште еднаш ги прелистав, ги прочитав и денешните - и чудо: и во Швајцарија никој не го празнува и не знае за овој "интернационален ден на екологијата", уште еднаш напоменувам, зборувам за во Швајцарија.
Зборувам за држава која кога е прашање екологијата може на секоја друга "предавања да држи"
Зборувам за држава во која одпадот се дели на десетици материјали.
Зборувам за држава во која и покрај тоа што нема кауција на пластичните шишиња неможеш да видеш ни едно фрлено шише.
Зборувам за држава во која секој секоја година прави нешто за екологијата (во последниве две години, само нашиот оддел од фирмата во кој работиме само двајца има инвестирано преку
50'000 CHF за машини и материјали за зачувување на човековата околина)
Замислете една оваква држава не го одбележува "интернационален ден на екологијата".
Ден на екологијата во Швајцарија е од 1.1. до 31.12. како што овде секој верник е верник од Божиќ до Божиќ а не само за Велигден. Овде на луѓето не им е потребен "интернационален ден на екологијата" за да бидат еколошки свесни и не си ја загадуваат околината во која живеат.
Тука во Швајцарија "застареното" школство ги учи децата уште од забавиште дека треба да ја респектираат и чуваат природата, ги учи децата уште од прво оделение на вредностите на Христијанството. И ги прави луѓе кои подоцна и ако не завршат факултет, да бидат личности кои знаат што треба да се цени...
Можеби некој министар кој нема идеи, ќе дојде овде во Швајцарија или во некоја земја каде веќе се е изекспериментирао, каде се тече во најнормален тек и каде не секоја идеја после неколку чаши вино ја спроведуваат во целото образование.
Можеби еднаш стварно ќе знаеме што сакаме ...

-интернационален ден на жената
-интернационален ден на крводарителите
-интернационален ден на лаборантите
-интернационален ден на непушачите
-интернационален ден на пензионерите
-интернационален ден на екологијата
-интернационален ден на шахистите

-песна на евровизијата...
... дали живееме ден за ден ???

п.с. дали денеска шетаа човеците у кавадарци со книги во рацете ???



2009/13

Помина....
неколкумината посетители на оваа страница можеби и приметија дека во последниве две/три недели немаше никакви актуализирања на страната.
После неколку "залетувања", оваа година конечно најдов подршка од страна на неколку членови на друштвото и место само да со музика, пиво и скара го прославиме патрониот празник на друштвото, направивме мала манифестација. Замислата беше да се покажеме пред швајцарската јавност во едно друго светло. Организиравме фотографии од Македонија, слики од сликари (аматери) кои живеат во Швајцарија, дури и вистински глумец за вистинска театарска престава организиравме. Сала, шо да ви расправам – сон, со сите шикани, бина, светло, кујна, абе се! И озгора на тоа, салата во центарот на Баар, 200 метри од железничката. Организацијата и ако за прв пат, беше како што доликува на една таква манифестација. Неискуството од организацијата ја компензиравме со познавањето на слични изложби - манифестации ( шо вика еден мој пријател: "ќе гледаш како другите прават и ти така ќе правиш!"). И за едно чудо, никој не ни најде некоја мана.
Ама...
реалноста не "трати од земја". Очекуваниот број на посетители оддалку не го постигнавме. Во "анализите" го кривевме убавото време кое едноставно луѓето ги тераше да одат покрај езерата или на планините. Кривец ни беше и продужениот викенд, кои кобајаги многумина го користеле за краток одмор. Да, имаше и забелешки дека сме одбрале погрешен датум, требело да се гледа на продужениот викенд!
А зошто Нова година ја славиме на 1ви јануар, а не кога ќе бидеме слободни? Не само на тие прашања немем одговор. Се прашувам дали стварно јас сум "забеган" или луѓето повеќе се радуваат на две нозе подпокриени со едно праталаче, одколку на стотина фотографии од "нашата сакана татковина" направени од многумина фотографи кои огромно време оделиле да направат една фотографија со која го пренесуваат видувањето на Македонија? А театар? Имаа прилика да проследат нешто, што овде а и во европа, пријстојно се плаќа – безплатно, ама и тоа не беше доволно интерсно за "пинк генерацијата".
Ама и покрај неколкуте "мали" негативности, пофалбите од неколкумина посетители, а пред се луѓе кои ги ценам, даваат ронка мотивација да нешто слично повторно се организира, некогаш, по некое време...

maj 2009

2009/14

Средина на месец јуни 2009.
Затворив уште еден капитал од мојот живот. Го завршувам капиталот со едно насолзено и едно радосно око. Насолзено око заради безбројните моменти, моменти кои и беа скратени на мојата фамилија. Моменти кои безрезевно и со некоја си идеологија ги вложив во Македонството во Швајцарија. Радосно око, затоа што ми се "отворија очите", радосно око затоа што после толку години ќе можам да си го планирам слободното време по моите, и потребите и желбите на мојата фамилија.
Го завршувам капиталот и се прашувам:
"Зошто нема математичка формула да се израчуна Македонството?"....
До кога некои си самонаречени патриоти (а у основа сиромашни души и визионерски ограничени личности) ќе оценуваат кој смее да биде Македонец, а кој ќе е "предавник" ???
Се надевав, со години се надевав, дека ете ние Македонците ќе се свестиме и барем тука во туѓина ќе можеме да се дружиме заради единственото што го имаме заеднички - Македонството.
Битката ја изгубив, а војна немам намера да водам - кај шо има сила, нема убавина!
Еден неодамна стекнат пријател ми рече:
"Господ да те чува од полуписмени луѓе! Неписмениот ќе те слуша затоа што нема што да каже, писмениот ќе те слуша за да разбере уште нешто, ама полуписмениот ниту ќе те слуша ниту ќе сака да те разбере."
Со години бев вклучен и активен во неколку Македонски организации во Швајцарија, со години се прашував зошто фалат интелектуалците во Македонските организации во Швајцарија. Вистината која беше на дланка, несакав никако да ја акцептирам, вистината заради која писмените луѓе бегаат од "другите"....
"Другите" овој збор го користам зошто веќе со години се користи и она: "наши". Наши, ваши, едни, други... многу Македонци има! СДС-овци, ВМРОвци, кумунисти, предавници, патриоти, националисти, ... и наши, и другите. Така секој залетан по некоја си идеологија се губиме, изгубуваме и забораваме дека пред сé сме човеци и Македонци. Ама арно, поминувачка нека има....
Кога некој сега би ме прашал: што се Македонците? би му одговорил, математички, Македонците се збир помеѓу многу незапознаетни, изгубени и заведени субјекти.
Во Швајцарија почнува летото,така летото почнува срамежливо, малку сонце малку дожд. Почнува една нова епоха за мене. Почнува.... и Господ да не чува од полуписмени ...

јуни 2009

2009/15

Умре Мајкал Џексон,
Кралот на поп-музиката, најголемиот уметник на светот, музичкиот гение.... и што уште не, е мртов. И повторно се песните и албумите на Џексон на првите места на топлистите. И наеднаш сите го сакаме и го цениме. А не така одамна, пола од светот си правеше вицови на сметка на Џексон, се заврткаваа луѓето за тоа како од "мал црнец станал бела дама", како ако нема лепак ќе му паѓа носот, и се и сешто. Сите потајно се радуваа кога сиромаот човек одеше на некое судење, дали заради педофилија, дали заради неплатени сметки. Поголемиот дел на човештвото подмолно се смееа на секој настап на "живиот" Мајкал Џексон. А сега сите го величиме и му се восхитуваме.
Но така беше со Тоше Проески, така беше со Борис Трајковски, така е со поголемиот дел на луѓе кои ненадејно ќе не напуштат. Од кога ќе си заминат или ќе ги изгубиме ја гледаме големината на поединци.
Човеците, уште незнаеме да му се радуваме на живот таков каков е. Да тие неколку години постоење на овој свет ги искористиме за доживување на убави работи. Замислените цели ни го уништуваат погледот околу себе. Малите работи со кои можеме да си направеме големо задоволство, а на блиските околу себе да им приредиме убави мигови, ги "прескокнуваме" со мисла дека треба повеќе нешто да се направе.
И така караваните си одат, кучињата си лаат, а ние ако седниме и помислиме што до сега сме направиле ....

јули 2009

2009/16

Како и секоја година, влечени од носталгијата и туркани од желбата да се побегне од секојдневието и од обврските, ги газиме со илјадници километри долгите патишта низ Европа и брзаме да стигниме во Макаедонија.
- Австрија, дожд, магли и температури од 6 - 9°C
- Маѓарска, малку потопло ама исто влажно, а одозгора и некоја бура
- Србија, дождливо но се потопло
и конечно влегуваме во Македонија. Утро околу 8 часот, 28°C, сонцето блеснало како за натпревар. Облаче никаде, колку што може око да виде. Се заборава уморот и напрегнатоста веќе ја нема, дома сме си. Душата се отвара, срцето чука слободно... бубрезите ја осетија - првата дупка на џадето кое беше означено како автопат. (ПАТОТ Е СТАР, АМА ГЛАНЦ НОВИ ДУПКИ ИМА)
Баталивме уживање во околината и со полна концентрација пробуваме да ги избегниме барем најголемите дупки. Некако ја избегнавме и првата полицијска контра на само неколку километри од границата. Ама втората не не промаши. По кратка дискусија дали по џадето кое беше означено како автопат, треба да се вози 120 или 80, и после кратка лекција од полицијска логика и една приказна за некој си погинат министар на тоа место, без никакви штети го продолжуваме слаломот во правец - дома. Притоа ситуацијата ме потсети како беше во Маѓарска пред едно 15 - 20 години, лоши патишта полицијаци зад ској жбун кои чекаат да некој им "подари" 10-20 DEM.
Некако го поминаме најстарата делница од автопатот во Македонија (некој да ја смети Виа Игнација подобар пат ке биде). Возиме по еден од поновите автопатишта, Велес-Градско. Сиромашкиот и он изгледа дека е оставен сам на себе. Го напуштаме автопатот и возиме во правец Кавадарци. Кој мисле дека може Кавадарци да го најде - се заебал. Ако не го знаеш патот џабе ќе гледаш по патокази - НЕМА !!! Град од 30'000 жители не е никаде одбележан. А патот што да ви расправам. Некоја си политичка гарнитура набрзина пред изборите ги зарамниле нивите и асфалт одозгора - готово, пат имаме. Катостровфална состојба и на патот од Неготино - Радовиш. А пред некој месец шо беа собрани, политичари, попови, "газди" - патот ќе се праве. И стварно се праве, ама на места каде и не беше толку лош во споредба со страната од кај Неготино. Да се надеваме дека ќе потраат еланот и парите па ќе се санира комплетната делница. Струмица - Ново Село, од кога го знам патот се си е ист. И може да се рече дека редко ќе се најде така добар пат. Ама тој пат го правел или Гоце Делчев или ЈНА.
Неколку денови низ патиштата низ Македонија и на човек ќе му се одмили возењето. Еднаш одев и до Скопје. Кавадарци - Скопје - Кавадарци, - 4,60 ¤. А на наплатните рампи се чека на ред. Каде одат тие купишта од пари?

Август 2009

2009/17

Пристојни ресторанти во кои може да добиете кавалитетни јадења, обновени цркви и споменици, средени пристапи до убави излетнички места, продавници во кои може да купите се и сешто, има, стварно има, и позитивни нешта во нашата Македонија. Насекаде се гради колку што се може, некаде плански, некаде индивидуално. Важно да се промени старото, неубавото лиц , она што ги потсеќа луѓето на некое не толку весело време. Копаат човеците, од века во овие предели се копало, копаат кои по нивите кои под нивите. Едни со надеж дека добро ќе го продадат произведеното, други со надеж дека ќе најдат некое со векови скриено богатство. И кај едните и кај другите има срећници кои успеваат во своите планови, а има и разочарани кои ветуваат дека веќе никогаш повеќе нема да работат залудно - или барем додека не им помине нервозата.
Република Македонија, како "старее" така станува се повеќе земја на контрастите. Еве уште некој ден и Република Македонија ќе стане "полнолетна", да поминаа 18 години од како Македонија стана најнезвисна и самостојна државва.
Во неколку градови од Македонија сретнав питачи за кои не бев сигурен дали стварно неможат, незнаат или несакаат да работат или тоа го прават зошто е најдопридовната работа на светот. Од друга страна најлуксузни автомобили, моторни чамци и јахти по езерото, огромни салони кои нудат најразлични "најнови" мобилни телефони (една од побитните работи во Македонија - да имаш најдобра мобиљка).
Факултети во секое место. Задолжително средно образование. Кампањи на Владата да децата учат, а родителите прават деца. Спртски сали за секое училиште или барем во секое село по една. Сето тоа со некоја надежд дека еден ден ќе се искористи - дека инжињерите и докторите ќе најдат работа во Македонија и дека ќе се има пари да изградените сали се одржуваат.
И кога политичарите својата енергија би ја усмериле во правец на планирање како да се подобре стопанството и економијата, а не во барање и укажување на грешките на "другите", можеби и Македонија ќе стане држава во која, не само дланка полна луѓе, туку сите пристојно ќе живеат во оваа со векови стара држава.

Август 2009

2009/18

18ти пат оваа година пишувам на ова место.
18ти пат Македонија слави "независност".

Пред да почнам да пишувам што "насрце ми лежe" да разјасниме нешто: Нема поголема катастрофа и нема поголема трагедија кога некој ќе изгубе некој од ближните - и никој со ништо неможе да ја надокнаде загубата.
Трагедијата која се случи на Охридското езеро нема човек што не го погоди. Некои што при тоа изгубија татко, мајка, брат, сестра, роднина, а некои како мене, што Охридското езеро ја изгуби "вечната идила". Навикнати да таквите трагедии се случуваат илјадници километри далеку од нас и во светските морињa, уште еднаш повеќе природата ни покажа како ја казнува човечката непослушност. Ни сите Светци што демнеат над Охрид не успееја да ја спречат оваа предвидлива катастрофа.
Предвидлива? да, предвидлива. Секој што летоска ги виде презафатените пловила што пловат по Охридското езеро, кои наликуваа како камионите и возовите во Индија, се прашуваше како може една лотка толку многу луѓе да издрже. Дали е незнаењети или алчноста, времето ќе каже.
Така овој немил настан го засени и Тиквешкиот гроздобер и прославата по повод "полнолетството" на Република Македонија.
Истиот викенд по патиштата низ Македонија погинаа и едно 5 - 6 учесници во сообраќајот, ама тие си се сами криви што тргнале по тие таканаречени патишта, со тие провизорни возила...
Одпосле сите сме попаметни и одпосле сите знаеме подобро...

- бродови
- чамци
- неисправни трактори
- неосветлени шпедитери
- патишта изрешетани од дупки
- лифтови кои само се користат а не се одржуваат
- мостови кои мора да ја "трпат" тежината на модерниот век
- такси возила со возачи кои од пред еден месец имаат возачка
- автобуси на кои шумари им ги поправаат кочниците
- "нешто" наречено железница
- прехрамбени "индустрии" по подрумите
- ...

еден ден секој ќе дојде на ред да биде зборуван.
И некој сето тоа го знае ама никој ништо не превзима.

Заслепени од "целта" да стигнеме во ЕУ и НАТО заборавaме дека погледнеме околу нас и да видеме по што газиме и каде одиме...

И после 18 години "најнезависност" водачите не сватија дека таа држава постои за да му служе на тој народ, а не да народот и служи на таа држава да она "отиде" некаде. Место да си направиме држава по мерка и по потреба, некои

упорно пробуваат да од Македонскиот народ направат народ што ќе одговара на некој си стандарти кои се измислени од некои си педофили и неверници.

‟Знаењето е сила, знаењето е моќ ‟ пропагира Владата на Р. Македонија.
А дали незнае Владата дека има неколку невработени во Македонија,
а дали незнае Владата дека нема ниту една салам фабрика во Македонија,
а дали незнае Владата дека во Македонија ништо не се произведува, а и тоа што земјоделецот ќе го произведе ‟мафијашите‟ ќе му го украдат.
Каде е знаењето?
Каде е моќта?
Каде е ...

п.с. дали некој знае до кој чекор дојдовме???

09.09.2009



2009/19

‶Времето лекува сé‶... рекле некои.
И стварно е така. Еве например да овие редови ги пишував пред две недели немаше да бидат овака напишани.
А и одамна не сум напишал нешто овде. Не дека нема што човек да каже, ама понекогаш е подобро некои работи и да не ги кажиме.
Како што погоре спомнав, можеби сега поубаво ќе се ‶изразам‶.
Септември 2009, интензивно ги привршуваме подготовките за изложбата ‶Поглед преку границата‶ која се одржува во Цирих. Уште по пожртвувано се залагам да изложбата ја направиме на ниво, бидејќи оваа година ‶гостин‶ ни беше Македонија. И ја направивме. Изложбата на Јужнословенскиот Културен форум во Цирих беше, како што доликува, безпрекорно организирана и спроведена. На изложбата и се радував уште лани кога почнавме да ја спремаме. Многубројните посетители беа награда за нашиот труд.
Е тоа ‶многубројните‶ ми револтираше до пред некој ден ...
Како и за изложбата за патронатот на Македонското друштво «Св. Кирил и Методиј», така и оваа изложба очекував да дојдат многу Македонци, кои сосебе ќе донесат по некој пријател и ќе се пофалат со ‶Македонството‶. Но за жал реалноста беше ‶малку поинаква‶. За квалитетот на изложбата зборуваа и фактите што некои посетители доаѓаа и по неколку пати да уживаат во изложените фотографии или реакциите на Македонците кои и сами зачудени прашуваа: «Зар ова е во Македонија?!?!?» Да фотографиите изработени од луѓе кои фотокамерата ја користат не само да фотографиират на роденденските веселби или по некоја ‶слика‶ од последниот одмор, изгледаат како оние од странските списанија. Чекав да дојдат многу Македонци, а дојдоа доста љубители на уметноста. До пред некој ден стварно ми беше чудно што немавме повеќе посета од Македонците, но со времето сфатив дека и така треба да биде. Па затоа веќе на никој не му се лутам што не дошол бидејќи, ете баш тогаш, ‶гости му дошле‶.
Во последно време стварно помалку ме возбудуваат некои работи, како на пример, што сателитската програма на Македонската телевизија е ‶најжална‶ на цел свет, што Кавадарци нема Интернет страна, што на лозарите никој не им го плаќа трудот, што ‶нај јакото школство во Европа‶ (некои Македонци се во тоа убедени) и на крајот од октмври нема учебници за учениците, што некој ни ја крои капата која нација во иднина ќе бидеме, што никој од таканаречените политичари не се секира за народот или државата,....

Ама поминувачка нека има. Ете јас ја наполнив батеријата на фотокамерата, го испразнив чипот и сега може есента да дојде, па да направиме неколку фотографии. И од година, во октомври, со неколку вљубеници во фотографијата повторно се собериме и си направиме ‶убава средба‶.

28.10.2009

2009/20
Светски прваци!

1990 достасав во Швајцарија. Нов, убав, среден свет околу мене. Малку побогато и почисто од колку во Македонија, но со не голема разлика во стандартот! Тука имаше (и има пари ако работиш од утро до вечер), а во Македонија па се живееше и со тоа малку што го имавме - "првокласно". Многу нови и поинакви работи сретнував и учев во (CH).
Во тоа време, почетокот на 90-тите од минатиот век, во Швајцарија беа повеќе форсирани зимските спортови, тука имаа и успех. На национално ниво спорт број 1 беше хокејот (на мраз). На секој натпревар салите беа полни, од 4000 до 13000 гледачи што по коло околу 30000 до 40000 гледачи значеше. Фудбал??? па сите лиги и сите натпревари да ги собереше човек ќе не можеше да изброи повеќе од 5000 гледачи. Но на некој му текнало дека фудбалот може да биде најмасовен и најпосетен спорт, па почнаа, со швајцарска темелност да го "развиваат" фудбалот. Долгорочна стратегија на федерално ниво. Фудбалот денес стана спорт број 1. Со 50000 гледачи на натпреварите само на супер лигата (првата лига) по коло. Не само што се форсира во клубовите на првата лига туку се работи на сите полиња во сите лиги, со план, програма и визија.
15.11.2009 Швајцарија светски првак во фудбал. Добро де, на светското првенство за младинци до 17 години - ама светски прваци.
Јас како лаик, помалку го следев спортот во Швајцарија во последниве дваесетина години и секогаш се чудев и се чудам кога некој функционер ќе каже дека успех од тој спорт најверојатно ќе имаат за 7 до 8 години. Кога човек малку ќе размисли тоа значи дека две-три генерации нема да осетат ништо од планираниот успех. Ама тие генерации ќе бидат темел за некоја успешна генерација која ќе се докаже и на светско ниво.
И тука во Швајцарија најдобрите фудбалери се најдобрите фудбалери. Тука најдобрите фудблаери не се најдобри фудбалери зошто се дете на тато, вујче, чичо...
Тука во Швајцарија викаат: "Што брзо настанува - кратко трае". Таа мисла и ако не во прв план ги води низ животот, секојдневно се сретнува, кога човек ќе слушне како Министерството за сообраќај работи на сообраќајниот концептот за после 2030-та година, кога ќе слушнеш како се работи на план за некое си првенство во 2016-та, а дека за следната година секој термин на спортски, културен, и секаков вид настан веќе точно со датум и саат уште сега се знае - тоа е најнормално.
Но тука ни еден организатор не е конфротиран со тоа која партија ќе биде од година на власт - директорот на фестивалот е директор на фестивалот, возачот на ратракот нема да го сменат па и шест пати да се смени власта, он ќе ја гази стазата за да секоја година биде како што треба - па и подобра оди ќе ги исправи забелешките што предходната година ги добил. Секој го работи тоа што го умее затоа што го умее и не затоа што е од нашите или другите.
Еве како "нарачано", во сепарацијата влегува камионче на кое пишува "ЛАНДИС" (името на фирмата) а над името со мали букви "250 години:"!!!!
Во Македонија настануваат многу нови работи, се отвараат нови фирми, нови "бизниси" и во 99% од случаевите со цел да се збогатиме веднаш и сега. Секој што сака да направи нешто со кое ќе го одгледа семејството, а потоа и неговите деца своите семејства да ги издржуваат или е не "рентабилно" или ќе го

‟изеде‟ некоја партија во изборните игри.
Македонија. Програма ‟во сто чекори‟!!! дали има јунак да каже до кој чекор стигнаме во нашето лутање низ епохата???
И додека едните сакаат да направат уште некој чекор - ете го другиот ‟што го знае патот‟ (и тоа после неколку разни мандати владеење, сега наеднаш го знае патот) а кој пат до пред некоја година го ‟криеше‟ од нас...

ноември 2009



2010/01
Кавадарци, градот на педерите...

Нека ни е серќна Новата година и новите закони!

Пред ногу години, памтам, на телевизијата во време на новогодишните празници имаше по некој човек шо ќе ни посакаше ногу здрваје, среќа и успех во работата. Зборуваа за постигнување на нови цели, или за остварување на веќе поставените.
А сега, на почетокот од третиот милениум?
Предупредувања, да неречам закани, до народот дека од 01.01. во 00 часот стапува закон по кој "ОДМА" ќе се работи и ќе се санкционира - казнува.
Од 06.01. исто така - стапува закон по кој "ОДМА" ќе се работи и ќе се санкционира - казнува.
И едниот и другиот закон се потребни, ама повторно се докажа дека поновите власти во Македонија разбираат само црно/бело.
Првиот забраната за пушење (цигари) на јавни места и во јавни простории (воа јавни со пушење чудно се пишува...) по "европски терк" демек, е малку претерано (тоа никаде у Европа не е така). Но тоа и самите власти изгледа го осетија, па одма казни у стотици евра... Од некаде пак треба да се п'не касата.
А виа вториот за забрана на употреба на алкохол додека се возат превозни средства е "здраво спуштање" за сите кавадарчани. По најновата граница од 0.1‰ кавадарчани од прилика од октомври до декември несмеат никако кола или нешто слично да возат. Толку алкохол у крвта се добива шетајќи по улиците на Кавадарци. А и воздухот да го мериш у тоа време ќе покаже!!!
Но нека а таа, и тоа ќе помине. Секое чудо три дена! Или како досега покажа практиката ваквите закони се "заборавaат" за три месеци и после служат само за "освета" на тие шо не се сакат.
Или како ќе се образложи тоа што и после некоја година од стапување на сила на еден закон со кој требаше да се "светне" Македонија уште ѓубре насекаде??? Или колку возачи се врзуваат со каишот додека возат??? Или возат со уклучени светла???

... А ваа е интересна: на телевизијата прават анкета како се снаоѓаат со законот со кој е забрането да се вози со повеќе од 0,1‰ : и еден "господин" зборува како "како сега во тој случај, ќе мора да вози "госпоѓата". А и господинот а и госпоѓата неврзани со сигурносните каишеви, а одозгора на тоа господинот во скутот држи едно дете така на возраст од едно 7-8 години кое изгледа има намена на "еир-бек" / не дај Боже.

Такво е тоа кога сакаме да го измислиме кртавалото наново. Се е измислено, мала измена и како скроено за човек.

Оваа година не "видов" ногу обеќања од властите. Можеби е така и подобро, нема на шо да се надева човек. Или можеби ќе ја завртата политиката, ќе почнат повеќе да остваруваат, а помалку да обеќаат. Кој знае? Ќе видиме.

Ете за новата година "испеаме" неколку евра, за Коледе изгореме неколку кубика дрва, сето тоа е убаво - треба човек да се радува на некои работи. Но

така широкодушно да се гледа и на некои работи од секојдневието - нема да биде лошо.

Ако сите ги отвориме душите и ако сите ги почитуваме законите Кавадарци повторно ќе блесне....

А, воа за педери у Кавадарци - е прикаска:
Во минатиот век, така седнати у еден кафиќ, една група на женски пиат која ѓус, која ти-ка, која водка... и си прават муабет. Му се убацуе еден "фраер" и се профилира како "добар дечко, кој е на факултет, не е женскар, не пие, не пуше..." прашањето од страна на женските "А ти брату педер да не си?"
Е по најновите закони сите ќе се доближиме до таа група на граѓани...

јануари 2010

2010/02
Секој почеток е тежок...

Еве веќе озбилно зафлегоме у Новата 2010та година.
И додека Европа и Светот наголемо се залетани, ние Македонците чекаме "да поминат празниците".
Ама и ни нам не ни е лесно. Ете тука во Швајцарија луѓето си го слават Божиќ на 25/26декември, ќе го одбележат малку почетокот на новата година и од 2ри јануари - на работа.
А ние, првославните Христијани?
Прво го славиме дочекот на Новата година како што со години не учеле Тито и партијата, па после за свое самопотврдување ќе почниме да ги славиме сите верски празници во јануари, а не се малку, за да после изморени од прослави почниме да размислуваме на тоа како да одмориме некој ден.
И така дури озбилно сме почнале дошол Велигден.
А виа празниците одозгора ги "појачуваме" со по некој роденден, убаво е да се слават такви работи. Ете пред некој ден се собраме по повод роденден. Екипата одбрана, расположението на ниво, а времето лета, исто како мислите, при муабетот како беше пред 10, 20, 30 години....
И така уште не се́ кажано дошло никое време. Од поранешните искуства на вакви собрании не одам со "автомобилот". Па на пат накај дома, пешки по крајчето, уживав во снегот што врнеше како за на некој филм и на неисчистените улици и тротоари. Иначе таа појава, тука у Швајцарија е ептен ретка - да има снег по улиците и тротоарите. Тука имаат некои апсолутно не романтични работници и екипи, па штом ќе заснежи малку одма го чистат сето тоа. Ама овој пат беше ногу касно навечер или ногу рано насабајле, па не беа "у погон", и така имав можност уште малку да ги пуштам мислите во минатото. Во времето кога како дечишта шетаме по снег (и кал) и по дожд и у никое време, како да морало да ги газиме улиците и дворовите низ Кавадарци.
Така сега после 20 години повторно осетив како е да одиш по раскашавен снег, да те врне снегот, и да гледаш како некој си седи (или подобро речено спие веќе) на топло. А освен еден ресторант во кој беа собрани члeновите на карневалската група и кои изгледа се спремаа за претстоините карневали, еден ноќен бар, насекаде околу мене беа изгаснати домашните светла, а и време беше за спиење...
Така кога стигнав до селото осетив како бубрезите си ја свршиле работата па треба да се одстрани вишокот. Ама каде, тука на улицата не личе, а до дома има уште бајаѓи. И оп, бинго. На едно градилиште гледам мобилно WC. Како нарачано, си викам смрде не смрде мора да се сврше таа работа. Ама и тука одма осетив дека не сум у Кавадарци пред 20 години. Влегуваш у мобилно WC и место смрѓава еден пријатен мирис на лимон и свежина - такво нешто у Македонија не постое. Дури и во најдобрите ресторанти и хотели во Македонија уште се нужниците нешто "нечисто".
И така после скоро саат пешачење по снегот си стигнав дома. Расположението уште ме држеше, а и душата така освежена со мисли, не ни се спиеше. Си викам дај да видам шо има по воа телевизијата у воа време на ноќта.
Ама тука и "светот се сменил". Пред ногу години кога покасно ќе поседиш, а обично петок или сабота имаше само некои ефтини порно филмови. Ама тоа у денешно време не е пристојно па сите "озбилни" телевизии прикажуваат

некакви "психо-силеџиски" филмови во кој некој на некој мозокот му го пие или комшијата го касапе како да ќе го продава у месара. А шо да правиме, тоа го диктира америка. Жално е кога скоро цел свет го прифаќа нивното. Земја у која ако некоја учителка си ги покаже (на прифатно) цицките ќе биде осудена и одпишана, секој ненормален американец може да си купе оружје, да не речиме у скоја трафика.
Ама овакви мисли ми идат затоа што ете уште не работиме за озбилно, уште еден празник - два, да истераме па после ќе се фатиме салам за работа. И после нема толку да ме нервира:

- што Македонци ми праќаат честитки за нова година напишани со бугарско писмо
- што и во новата политичарите се убедени дека спасот ни е во Европа, а не во работата
- што Македонската телевизија нема време да направе некоја нова продукција па ни пушта емисии "од богатата ризница!!!"
- што Е-Мајловите испратени во Македонија се однесуваат како да си пуштил сигнал во свемирот
- што ...

Ама ајде почеток на годината е ако не сé, барем нешто ќе поправиме оваа година.

18.01.2010

2010/03
« Секоја нација ја има Владата што ја заслужува»

...кажал Жан Мари д'Мастр кој живеел уште пред 200 години (Joseph Marie de Maistre, 1753-1821).
У времето додека како дете одев на школо, учеме помалку и историја. Добро, како и секаде, малку прилагодена према актуелната политичка и економска состојба, ама учеме историја. И таму не учеа дека постоело ... праисторијско општество, па некое си робовладетелско општество, па феудално општество, па капиталистичко општество и ние ете како нај атик живееме во социјалистичко општество кое е последната скала пред комунистичкото општество, кое па треба да биде како врв на еволуцијата и револуцијата.....
Едно кажано, друго сторено. Таму некаде на Балканот, еден Народ кој околу 500 години живеел во некоја си мешавина од робовладетелско-феудално општество, со мали револуции ама без големи подготвки залетал да стигне до комунизмот. Преку својот напор (или инат) влегол во социјализам со надеж дека најбрзо ќе стигне у комунизмот како што "партијата" го пропагира. И така стотина години лута низ историјата, која како и природата го казнува секој што работи против еволуцијата. Па сега живее еден народ во срцето на Балканот, да неречам на газот од Европа, и пробува да го "помине" набрзина комунистичкото општество, ама никако да се одкаже од комунистичките мисли. Таа состојба, која треба да биде некој си социјалкапитализам, покрај народот (народите) и владата на таа земја одамна, без никој да осети, прераснува во анархизам, во кој "секој на секој и никој на никој"!!!

Така сегашната Влада на Македонија, се труде да постигне се́ за да му угоде на народот. А народот кој го прашува што сака???
Еве од најновата "грижа" на Владата за здрвјето на својот народ произлезе "европски" закон со кој на пушачите им се забрани да ги труат непушачите. Овој закон стапува на снага на 1.1.!!! Да, во јануари, кога секоја културна Влада ги става на увид остварените и не остварените планови и програми од поминатата година. Секој зборува, пишува, се жали за радикалниот закон за доброто на непушачите. Никој не прашува колку "чекори" од обеќаните 100 направивме во 2009-тата.
На времето еден кавадарчанец се "фалеше": «ја жента не а тепам оти заслужила или оти ја су бил пијан - туку да ме лафе чаршијата»
Така оваа мудрост во денешно време ја користат повеќе Влади на разни земји.

Владата на Македонија во 2009-тата се "избори" да Европа ги укине туристичките визи за граѓаните на Македонија!!! Браво за Владата. Сега сите шо ги крадат народот и државата легално ќе можат да ги однесат парите на "некое место". Зошто истата таа Влада, а и сите досегашни, не направија ништо да сите Македонци можат туристички да се шетаат по Европа и Светот. Зошто истата таа Влада, а и сите досегашни, не направија ништо да сите Македонци имаат пристојно платена работа и одвреме-навреме си дозволат вистински туристички прошетки по Европа и Светот.

Најновиот муабет на Владата, можат да се увезуваат автомобили до 15 години старост!!!

И сега повторно почнуваат муабетите...
И сета работа, да и последниот заштеден денар се истроши во странство... и некој денар капне у државната каса, од друга страна и онака ништо не и влева...

03.02.2010



2010/04
« ... шо да ви расправам ... »

август 2010, гледам скоро цела година не сум напишал ништо тука. Да, има шо да пише човек, арно ама, човек треба и приоритети во животот да си одреди. Така јас оваа пролет/лето се оддадов потполно на "Проектот 2010" (http://www.p20xx.ch/) и пишувањето тука, а и на другите места го заоставив - потполно. А и секако, ова овде го пишувам повеќе за самиот себе, како потстник на моите мисли, а ако некој го прочита - убаво, ќе види шо мислам...
Пролетта почна ногу убаво, барем што се однесува на страна од времето. После една безконечно долга зима дојде вистинска пролет. А колуминација на убавата пролет беше феноменалната пролет во Македонија, првите две недели од месец мај. После една/две години пауза повторно пролетниот одмор го поминавме во Македонија. Во тие две недели имавме време да се изнаслушаме како лозарите се жалат... Стварно е жално шо никој не му го плаќа грозјето. А од друга страна, кој ги тера да произведуваат грозје ??? Да, едно време се "живееше од лозјето!" Ама кога човек ќе размисле: тоа време беше кога у Кавадарци работеа Тиквеш, ФЕ-НИ, Комбинатот, МИК, ЕМРО, ЕЛРО, ДАФИНКИ, мафинки и уште кои не ти фирми во кои работеа по неколку стотини работници. Тие работници работеа во фирми, им беше платено социјалното и здраственото осигурување, во некои дури и појадокот и ручекот, а поручок од кога ќе се одмореа (и некоја сабота и недела) одеа на лозјата да поработат. И на крајот, Тиквеш кога ќе ги исплати парите од грозјето, нормално дека ќе се осетеше "купчето". А сега ШО??? Ниту купчето е купче, ниту па однекаде по нешто "капе" - нормално веќе "нема живот од лозјето".
Таа пролет го видовме и "новиот кеј" на "реката" Луда Мара. Ептен убава шминка. Плочкички, клупички, ламбички, сѐ убаво. Само нешто ме потсеќа на празничните работи! набрзина направено и како за "една употреба". иначе како човек да го претумаче тоа што одозгора се и сешто направиле а под шеталиштата од двете страни, наместо по некоја цевка за собирање на атмосверската и одпадната вода изнасипале кубици земја... Ако некој ден ќе ги ископаме плочкичките и ќе ставиме цевки под нив....
Истата жална слика на плоштадот - цел го расипале. Добро де, за да се направе ново, од старото треба да се разделиме. Златен плоштад. Да беше во некоја европска земја, поднего ако не на четири, ама барем двоспратен паркинг ќе направеа за да си ги "исчистат" улиците... Ако ќе дојде време и тоа ќе се направе - а и плочките од Кина, еден ден од морална страна секако ќе треба да се фрлат...
Ама ете и така помина пролетниот одмор. Потоа, пак Швајцарија... Си пристигнаме, и место пролет, шо да виде човек - есен. Некое педерско лето се додека не си тргнав (со точакот) за Македонија.
Поминаме 5-6 држави и стварно наа српската «што јужније то тужније...». Најмногу ме израдува што на нашето деветдневно патување сретнавме само добри луѓе. Патувањето помина толку нормално и без проблеми, да човек нема ни што да расправа. Нема што да расправа??? ИМА! и тоа ногу работи за расправање, ама тиа работи ако ги каже човек - ќе навреде некој... Затоа уживај...
Во Македонија, («како кривите в'ци» шо вика Мама) се собраме целата фамилија. И за да ги искористиме тие 10-15 денови шо ни останаа решиме да

по прошетаме низ Македонијата. Мене не ми беше до шетање - ама од друга страна шо ќе правиш цело време у Кавадарци. И така отидоме еден ден до СТОБИ. Јас како "експерт" за Стоби ја истоварив фамилијата на грешка страна. Едно време каде што беше ресторант и продавница за сувенири - сега се "уклопило" во стилот на Стоби - рушевина...
Ајде некако, со помош на археолозите кои седеа и чекаа пари од некое си министерство, а управиме работата па прошетаме по улиците кои уште преди ногу илјади години шетале човеци...
Еден чувар, една касиерка имаше - ама ресторантче или нешто слично да се освеже човек - јок!
Ако убаво си поминаме, сокче си купиме у Росоман... А таму пак нешто специфично за нас Македонците. Кусурот од неколку десетици денари го добив во банкноти кои беа "стуткани" во топче! (во Швајцарија ни старата хартија не се фрла така...)

Сталната дестинајција - Охрид и овој пат не ни избега. Прво убаво изненадување на патот за Охрид - Плетвар. Го направиле со три ленти па човек покомотно може да ги престигнува "јелчовите" и "фаповите" (ако нема на патот некој си "газда" со мерцедес). Првото грозно изненадување - Ѓавато! Убав паркингплац за да одморе човек, ама мислиш цела Битола тука го истурила ѓубрето - грозно.
... Македонија, земја на природата, земја на убавините... тра ла ла ла...
А Охрид и оваа година најскап. Сместувањето не беше и толку скапо, јадењето се "јадеше". Најскапо во Охрид изгледа дека е «ДОБАР ДЕНОТ»!!!! Ти да доживееш охриѓанец да ти каже "добар ден" тоа е како 6-ка на лото...

Ама и покрај сите негативности, пак си ја сакаме нашата Македонија - се гледаме следниот пат...

30.08.2010



2010/05
Вербата во грозјето, грозјето во верата

Човек се крсте во Господ. Кавадарчани се крстат во Господ, се крстат ама и во Св. Илија, и Св. Никола и други Светци, кавадарчани се крстеа и во грозјето.Се крстеа во грозјето - ама тоа беше едно друго време, време минато...

Далеку од Кавадарци, некаде во средината на Европа, човеците направиле црква Македонска, за да се молат на Господа. Дојдоа нависоките свештеници на Македонската Православна црква да го осветат ова македонско катче во срцето на Швајцарија.
Ја имав честа да од непосредна близина го следам чинот на осветување на уште една црква - Првославна, Македонска.

Стојам, ги слушам свештениците, од г. г. до "децата" од хорот - убавини!
Стојам, ги слушам и гледам: ГРОЗЈЕ!! Грозје насекаде...
Не, не халуцинирам, не сонувам! Грозје - насекаде!!!
Не се крставици, не се тикви,
не се патлиџани, не се чушки,
не е кромид - туку грозје! Грозје - насекаде!!!

Забележувам како човеците ја забележуваат мојата насмевка која во општо не се совпаѓа со литургијата....

Грозјето го има насекаде, грозје на иконостасот направен од копаничарите од Охрид, на прекривката на престолот, на мантиите на свештениците - секаде грозје...
Од кога реализирав дека половина од украсните мотиви на црквата и во неа се грозје ме фати една смеа...
- дали и на грозјето "само" ќе му се молиме?
- дали лозарите треба пред владата или пред црквата да штрајкуваат?
- што било прво грозјето или црквата?
- дали маките на лозарите се споредуваат со маките на Христа?
- стварно, зошто толку грозје има во црквата?

... поминаа неколку денови, јас ги средувам фотографиите (го гледам грозјето) и ги слушам лозарите на телевизијата како незнаат шо да кажат. Уште еднаш повеќе лозарите останаа ебани (воа веќе не е заебанција - воа е здраво дупење).
Жални се сликите на лозари кои по било која цена сакаат да си ја продадат "маката".

Од друга страна гледано пак, кој е должен да си купи мака???

Некаде така, во второ - трето одделени (тоа е ептен одамна - пред ногу години, во титова југославија) не учеа дека виното произведено во Тиквешијата е од врвен квалитет и на светски глас! Ни расправаа дека сме вински регион на југославија, имаме и Гроздобер (вистински) .... ама вино знаеме само за "кртошија" и "смедеревка". У Кавадарци од секогаш повеќе се пиеше ракија.

Грозјето одеше у Тиквеш, па после "браќата словенци" си флашираа и продаваа словенско вино низ белиот свет... ние се радуваме на ракијата.

Сега кога винарските гиганти пробуваат да се пробијат на презаситениот светски пазар на вино и кога во нашата мала држва ние и понатаму си пиеме ракија се прашуваме шо да правиме со грозјето??? А зоште никој не се праша шо да правиме со виното???

Понеделник, почеток на месец октомври. Сепарација за песок во централна Швајцарија. Тука, и во еден-два Кантони во околината есенски школски одмор. Продадено 15м³ песок. Произведено 300 м³ песок. И сега??? Треба да одиме ли пред властите и пред градежните фирми да штрајкуваме??? не. Утре нема да произведуваме песок. Машини во вредност од неколку милиони ќе мируваат.

Одма ќе си после човек, ами песокот не скиснува! Не скиснува, ама ако машините не ја бркаат работата на никој не му се исплаќа. Клучот на вратата и сите дома.

Лозарите стварно треба еден ден да отидат во црква. Си поминат неколку саати во спокој и си размислат:
«Дали да седам дома џабе, или да инвестира во работа која донесува само нервози и долгови»

А да, уште едно прашање, дали грозјето ќе остане само мотив за украсување на црквите???

Само мала информација за винската култура..

Колку литри вино по жител пие светот:
1.Vatikan / 66,67 Liter
2.Norfolk Island / 57,44 Liter
3.Frankreich / 53,22 Liter
4.Luxembourg / 52,70 Liter
5.Andorra / 51,78 Liter
6.Italien / 50,06 Liter
7.Portugal / 44,32 Liter
8.Slowenien / 43,77 Liter
9.Falkland Islands / 41,99 Liter
10.Kroatien / 41,16 Liter
11.Turks & Caicos Islands / 39,10 Liter
12.Cayman Islands / 36,92 Liter
13.Schweiz / 36,22 Liter
14.Ungarn / 35,07 Liter
15.Spanien / 32,92 Liter
16.Griechenland / 32,75 Liter
17.Österreich / 30,26 Liter
18.Guatemala/ 29,17 Liter
19.Dänemark / 27,52 Liter
20.Argentinien / 26,80 Liter

21.St. Pierre & Miquelon / 25,93 Liter
22.Äquatorial Guinea / 25,36 Liter
23.Belgien / 25,29 Liter
24.Rumänien / 25,11 Liter
25.Neukaledonien / 25,06 Liter
26.Uruguay / 24,91 Liter
27.Deutschland / 24,14 Liter
28.Australien / 22,70 Liter
29.Neuseeland / 21,83 Liter
30.Niederlande / 21,68 Liter
31.Bermuda / 21,31 Liter
32.Zypern / 21,04 Liter

50 и кусур. Македонија ??? 10 литри!

04.10.2010



Лето Господово 2011-то, лето жешко...
... и повторно. Поминати 1700 и кусур километри, на 11 места платено друмарина, 4 гранични контроли и конечно дома.
Дома? која дома? една од двете.
Задоволството од првите моменти поминати во домот и со своите најблиски избледува се повеќе со секој контакт со околината...
Една од ногуте изкажани теории «Сé се движи - сé се менува!» изгледа во моето родно Кавадарци - не важи.
Да, не смеам да кажам дека нема, има и по некоја новопослана улица, има некоја по освежена фасада. Ама сето тоа неможе да го поправе сето останато сивило и пропаст кои се повеќе завладуваат со Кавадарци.
Сите ние (или барем неколку што јас познавам) учиме од сопствените грешки, гледаме шо работат другите, го посматраме светот и колку-толку се прилагодуваме према околината. Но и тоа е релативно... зависи од кој гледаш! еве на пример нашите политичари (човеци шо треба да ја "водат" државата):
Додека грчките власти за да го свртат вниманието од сопствените (внатрешни) проблеми го измислија проблемот со името на Македонија и стигнаа на оваа точка каде се денес, македонските политичари без многу идеи и визии го копираат однесувањето на грчките колеги носејќи ја државата таму каде што е грција денес. А политичарите? Кои се тие човеци? Тоа се во поголем дел, полуписмени суштества кои дошле на власт по туѓа заслуга и сега се богатат на рачун на маката на тие што демек ги избрале... Но тоа, "да му умре на комшијата козата" е толку дибоко уградено во етниумот македонец шо при секоја потреба се појавува на површината....
... исто како арогантноста, рамнодушноста и презирот кои се основни предуслови за да работиш како шалтерски чиновник.
Гостопримството на македонците кое наголемо го презентираме како туристички аргумент, исто така загинува со првиот контакт со туристот кој има пари! Од "саканиот турист" постанува одма потенцијален извор на пари кој треба што е побрзо и по квалитетно да се пресуше.
И додека се "чека" да се реше проблемот на грција, Македонското земјоделство, стопанство, туризам и сé останато, пропаѓа, пропаѓа, пропаѓа, пропаѓа, ....
Но човеци или подобро да се рече другари како Златко, Ацето, Блашко и други, кои се спремни да ти помогнат човечки и надежта која уште не не напуштила и мислите дека ќе има повеќе човеци кои се спремни без резервно да ти помогнат кога можат, не тера да и наскоро пак изгазиме
3 - 4'000 км и се одтргниме од овдешното екојдневие кое пак поради испланираностра и организираноста не нуде никакви авантури и изненадувања...

Ги истепаа...

Ете, и Гадафи го утепаа...
Читам по весниците - сите се среќни (американците дури горди) дека уште еден диктатор или терорист е ликвидиран. Садам го одстранија уште пред некоја година, дали на тие човеци таму му е подобро сега ??? Кастро и он веќе не е главен, ама пак пушта по некој глас.
Дали Светот сега ќе постане подобар - по демократски - по мерка на американците и европејците????

‟Народи koју овакву имају омладину, за своју будуќност нетреба да брину!!!‟ кажа уште пред некоја година уште еден ‟диктатор‟, другар и на Садам и на Гадафи и на Кастро, - другарот Тито.
Каде е сега другарот Тито да го прашам шо да праве Македонскиот народ? Младината ни е таква каква треба да биде, ама комшиите???? ... од сите страни Ѓорѓи сардисан....

И додека таканаречените светски полицајци и демократи делат стандарди за демократија и теророзам заборaваат на основните човекови права. Заборaваат со кој аршин до вчера мереле и кој аршин денеска да го земат. Македонија, како трн во око (да не речам по кавадаречки како ‟к.. у газот‟) им смета на ‟демократските‟ земји или представници не тие земји од Европа и Америка.

Мислам фактот дека Македонија е една од најстарите земји на Светот и со тоа една од земјите која најубаво за демократијата може да кажува приказни, им смета на европските демократи.
Иначе како би го објасниле однесувањето на некои си комисии и тела на евпоската собранија. Истите тие беа кои Косово го признаа за неколку денови. На европејците им одговара да управуваат и им ‟помагаат‟ на држави и народи кои они ги измислиле и од кои очекуваат да после со векови им се благодарни за ‟пријателството‟.

Истите тие се кои ги толерираат сите лажни бројки, постапки и лигавење на нивната членка - грција, со години и со децении! Изгледа им одговара ‟по грчки‟ да ги балагува некој...

И мене стварно не ми е јасно кој им дал право да осудуваат кој е добар кој лош, на кој му треба виза на кој не му треба виза.

Но најлесно за несметениот двор да го обвинуваш комшијата.
Кога човек ќе види какви субјекти ја прават политиката во Македонија, земја во која со години влегуваат повеќе од 1’000’000’000 ¤, земја која до пред некоја година ја хранеше половина поранешна Југославија, кога тоа човек сето заедно ќе го види, ќе зе замисли кој или што ни е непријател??? Како може една држава која има потенцијал ако не во благосостојба, барем пристојно да живее, не може да си го најде своето место под ова небо.

По незнам кој пат се запрашувам, зошто ни е Европа зошто ни е НАТО??? Европа на никој ништо џабе не му дава (освен ако се нафаниш на грчки...)

Зошто не се најде некој Македонец со “мила ѕвезда‟ и да рече: “е сега ајде да го сметиме дворот‟
Залетани на пат за во европа, загубивме и оптимизам, и гордост, и почит, и респект - абе сé! И сега чемрееме на Балканот да некој си не признае тоа што сме биле многу векови пред него да го има...

27.10.2011



30.12.2011

Предпоследен ден во оваа година 2011. Уште една година од илјадници поминати. Среќни, како што си посакавме предходната година, бидејќи и оваа година ја прежиевеавме во мир и здравје.
Затоа повторно ќе си посакаме и за следната година здравје и мир.

Година што ќе ја памтиме по неколку случувања. Случувања од кои научивме интересни работи (барем некои од нас). Уште еднаш повеќе природата покажа кој е газда на овој Свет. Нај впечатлив пример беше случувањето во Јапонија каде човеците прво земјотрес, па цунами и на крајот радиација ги потрефи. Стварно непотребен пример дека човек од едно може да се одбране, ама ако тргне сето зло по тебе - Господ нека те чува.

Од друга страна пак ја доживеавме (од страна) "Арапската пролет", во неколку земји од Африканскиот континент народите се побунија против диктаторите кои владееја со нив. Некаде ги сменија диктаторите, некаде ги ликвидираа, но на крајот покрај извесен број жртви, ногу аир нема да видат - досегашните диктатури ги заменија со демократии од кои - Господ да те чува.

Но имаше и успеси на меѓународно ниво, долго бараниот Бин Ладен го утепаа, а Берлускони се "повлече" од политиката. Да тоа се успеси, барем така ни пренесуваа медиумите. Американците се радуваа на веста за ликвидирањето на Бин Ладен исто колку што се радуваа италијаните кога се соопшти дека Берлускони (таткото на нацијата, или барем на неколку вонбрачни деца) се повлекува од местото Премиер на Италија. Паметен човек, му ја остави државата на други да ја извадат од презадолженоста. А да, и Гадафи го утепаа. И сега американците ќе им донесат демократија на човеците во Либија. Ќе се осреќат кутрите - Алах да ги чува.

Демократскиот свет исто така "најстрого ги осуди" мислите на некои срби да Косово се поделе! Европа и меѓународната заедница се стриктно против било каква поделба на земјите на Балканаот!!! Ааа???? Па господо демократи нели сте вие тие што пред некоја година Србија ја поделивте??? Но на господата демократи не им смета да ја прзнаат најмладата држава во Европа, која буџетот на државата го полни од трговија на "прашоци и делови", а од друга страна една од најстарите држави во Светот на ја признава како треба. Господ да ми прости, ама ниа лудакот од Норвешка на погрешно место се празнеше.

Колку Светот е праведен човек неможе да процене. Зошто човекот е тој што ги става мерките на добро и зло. Инаце како ќе го објасниш фактот дека кога некои се дрогираат, едниот е деликвент и непожелен за општеството, а другата која ете имала среќа да знае да пее се прави иодол и се наградува со сите можни награди (дури се величе нејзиното "свесно" козумирање).

Ако не одиме ногу далеку истата слика. ФЕНИ ја труе пола Македонија и добива награди од град Кавадарци. Да, можеби дади некоја пара за плочките на сред град и "инвестира" во спортот, ама дали некои од нивните штитеници има

смелост да размисли дали им се исплаќа "лигавењето" и шо ќе биде со нашите деца, внуци, правнуци .... Господ нека не чува

Кошаркарите на Македонската репрезентација ни приредија пријатно изненадување. Наеднаш сите Македонци бевме горди на нешто. И сите Македонци бевме "специјалисти" за кошарка. Но еве уште некој муабет околу спортист на годината и таа еуфорија ќе помине како што веќе заборавивме зошто и кога се радуваме ракометарите.

Лично за мене, годинава што поминува беше доста добра, ако не ги рачунаме настинките и гриповите, фамилијарно ја поминавме во добро здравје. Успесите беа во очекуваното. А како најзабележително беше тоа што 3/4 од возниот парк го заменивме со понов...

На крајот останува да ја испратиме годинава и си посакаме здравје и мир и за во следната година и - Господ да не чува.






09.02.2012

Од "6 Г" до "3 Д"

"во организација до граоначалникот и светот на ошината дојде новата 2012"



Градски базент Кавадарци, август 2012

Скоро секоја информација за Кавадарци почнува со слична реченица. Мене не ми е јасно како до пред некоја година Кавадарци функционираше (како-така) без извесни органи и организми???
Но тоа е изгледа организациона шема на моменталната Македонска епоха. И после дваесет и кусур години независност и после неколку години со иста команда на чело, никако да го фаниме чекорот со времето и просторот...
Борбата против некој си сокриен комплекс на помала вредност, го фасадираме со некои си барокни градби мислејќе дека ќе се "замачка" нашето комунистичко-социјалистичко-титово време. Време во кое колку-толку се градело она што на народот му било потребно.
Во Кавадарци, за разлика од центарот на светот - Скопје, не се градат барокни зданија, но затоа се граде тоа што треба да означи напредок! После потполно промашените инвестиции за реконструкција и разубавивање на "градот" со лепење плочки по реката и на плоштадот, сега се засилиле да се направе пазар во "новиот центар" - на крајот од градот... Дека е грешка го знаат и тие шо се борат за таа работа, ако не прошетале по светот, мислам дека барем слушнале што стана од пазарот во Струмица.
Ако, ќе помине и оваа епоха...
Ме чуде што уште има човеци кои своите фрустрации ги празнат по "ЏИПОВИТЕ марка ОПЕЛ" наместо да се фатат на работа и покажат дека може подобро. Ама се додека има така "испуфани" политичари како шо се Банко и Ључо, неорганизираната опозиција и цел народ, ќе гледа како државата со "ЛИБКЕР

марка Кетерпилер‟ ќе се раскопува и ќе се спрема за изградба на топилници и трујачи низ ова мало свето место на оваа земјина топка...
Додека целиот свет, или барем Европа која ни е 5 саати возење со кола или 2 саати со авион одалечена од пред куќа, ги гаси сите топилници и им дава на сите африкански и далеку источни земји да си го труат народот, нашите МАКЕДОНЦИ кои толку многу се борат против
‟комунистичко-социјалистичко-титово време‟ сакаат да не вратат во времето на другарот Тито, време во кое топилницата во Титов Велес го труеше (доста квалитетно) цел регион.
А да, Велес не е веќе Титов, ама да има некоја лабараторија, која има ‟јајца‟ (не Титови) и да направи неколку контроли на земјиштето околу Велес, Возарци, и на ред други места низ државата, ќе се утврде дека не барокни згради - пирамиди неможат да го сокријат целиот грев кој сме го правеле со години, и за жал уште се прави...
Титов Велес се рехабилитира барем од името, во Скопје неколку улици се пркрстуваат по Македонски, само Кавадарци и ‟во организација до граоначалникот и светот на ошината ...‟ немаат
мака, и уште ги ‟живееме‟ ЈНА, Едварт Кардељ, Вељко ...
А и поарно така, види, еве на човеците во Скопје на кои ‟во организација до граоначалникот и светот на ошината ...‟ му ги смениле имињата на улиците истите тие сега им бараат на човеците при вадење документи да докажат дека името на улицата е сменета!!! му бараат извод или лична карта од улицата!!!
Јас се надевам дека еден ден ќе дојдат вистински ‟во организација до граоначалникот и светот на
ошината ...‟ и дека на оваа мала, Некогашна Југословенска Република Македонија ќе и го најдат местото по ова МАКЕДОНСКО сонце...

август 2012

Македонија - изгужвана....

Неделно утро, по кратката царинска контрола влегуваме во Македонија.Целото брзање предходниот ден да се фтаса одвечер во Македонија не допринесе ништо, рачунот ни го заебаа "совесните" (или неписмените) српски царинарници и полицајци кои како никаде по светот пасшите ги проверуваа буква по буква.
Важно сега возиме по автопатот «Александар Македонски». Првите километри се права уживанција - возејќи по свежо посланиот асфалт. Но некаде пред Куманово возејќи по автопатот «Александар Македонски» (некогаш "БРАТСТВО И ЕДИНСТВО") се сретнуваме со Македонската традиција - патот како Александар Македонски да го правел - дупка до дупка пред дупка...
Но наскоро и по тој пат поминуваме покрај аеродромот «Александар Македонски», за покасно да поминиме преку мостот «Александар Македонски» и тунелот «Александар Македонски» и се така до Стоби...
После неколку километри по регионалните патишта, стигнуваме до Кавадарци и види чудо, Кавадарци е таму каде што секогаш било.
Зборовите кои подоцна ги слушнав од еден приател кој пред 30 години работел во Кавадарци па дури ова лето повторно го посети: "Оно твоје Кавадарци у опште се није променило, рекао би да чак пре 30 година боље изгледало..." - беа стварно на место.

Информациииите по неколку локални медиуми во пролетта 2012 на кои градоначалникот со гордост разлагаше дека улицата Индустријска се рекунструира и наскоро ќе биде завршена ги поништи ударањето на предните тркала на мојата кола на ивичњакот на сред раскрсница кој уште чичко Наум од Пештани уште во 1957 го поставил - тогаш како што доликува на страната од патот. (Не се криви човеците, од каде да знаат дека сред раскрсница нетреба ивичњак висок 10 - 15 цм...)

И така овогодишниот одмор ги остави истите впечатоци, дали во Кавадарци, Кочани, радовиш, Струмица, Охрид, Прилеп или во Скопјето, секаде се шминкаат центрите на местата, а само зад првиот ред на куќи ...

Кавадарци, сред лето базентот - празен, Ваташката брана - запустена, шо да праве човек мора да оде у "грчка"...
Паркирањето во центарот - лото или уметност...
Паркот - уште се држе, ама затоа што пред 40-50 години некој го направил поштено...
ФЕНИ - и понатаму ја труе Македонија, а камионите кои носат материјал (кој знае каков) од "пизду матер", по стотици пати на ден ги газат патиштата кои се направени за некои избори, а не да милиони тони поминуваат по нив....

Скопје, стоам пред споменикот "«Александар Македонски»" - и ме подсеќа на нешто, .... а да! на Дизниленд... некои си фигури на секаде и музика.

... човекот што кажал: "Македонија - земја на чудата!" потполно е во право.
Во Македонија веќе ништо не ме чуди!

Не, ова стварно ме чуди секој пат: како може човек толку многу да ги изгужва банкнотите???

А? убавите работи? ги има, како што се дружењето со правите другари и пријатели, срдечноста на роднините, ... и безкрајно долгите седенки...



Скопје, центар, август 2012